**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Тринаесеттото Продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата за да можеме да почнеме со работа.

Продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Насер Ајдини, Данаил Дончев, Валентина Божиновска, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агрон Буџаку, Садула Дураку, Теута Арифи, Абдулади Вејсели и Фијат Цаноски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам, да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Притиснале само 58 пратеници, но констатираме дека имаме доволен број на пратеници. На седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието, бидејќи сме 64 пратеници.

**Шеста точка - Предлог за донесување на закон за јавните набавки, со Предлог на закон.**

Претресот по амандманот за бришење на член 35 поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 8, воздржани нема, против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 за менување на ставовите 3 и 4, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Имајќи предвид дека и со овој закон Бирото за јавни набавки, оргхан во Министерството за финансии, тоа не може да пропишува подзаконски акти, туку тоа го прави органот во чиј состав е Бирото. Значи, амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман не се прифаќа, а збор има господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Бидејќи, амандманот кој што во законот се однесуваше на самостојноста на Бирото за јавни набавки не беше прифатен, а овој амандман е поврзан со тие амандмани, амандманот го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Почитуван претседател, овој амандман треба да има техничка корекција. Значи, ќе го прифатиме амандманот, но доколку може сега да формулираме како би требало да изгледа, да се вклопи, од причина што ние не сме членка на Европската унија и не може да им наметнеме задолжително објава во службено гласило на Европската унија. Амандманот технички, ако предлагачот се согласи, да го конципираме технички и така да помине.

**Љубиша Георгиевски:** Дали имате предлог господине заменик.

**Предраг Трпески:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Послушајте го господинот, Николов, каков е предлогот, повелете.

**Предраг Трпески:** По зборот "објавува" како што е амандманот, се додаваат зборовите, значи треба да гласи "во службено гласило на Европската унија", потоа сврзникот "и" се заменува со "или", ако е ова прифатливо.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Добро е што заменикот министер покажа конструктивност и ако може тоа да биде, јас ја прифаќам забелешката од заменикот министер и мислам дека амандманот треба да се прифати.

**Љубиша Георгиевски:** Во тој случај, господине заменик, да го сметаме за прифатен амандманот.

**Предраг Трпески:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 55 алинеја 3, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Збор има господин Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, со овој амандман кој што се однесува на набавката на услуги, посебно кои што се однесуваат на услугите за железнички и воден транспорт, услуги за привремено вработување, хотелски, угостителски, правни, истражни, образовни, здравствени, социјални, рекреативни, културни и спортски, предлагаме со овој амандман, доколку нивната вредност надминува три илјади евра да оди со постапка за распишување на оглас за јавна набавка и тоа отворен повик или ограничен повик. Мислам дека претходно кога беше овој амандман, значително се дебатираше и сметаме дека сумата од 20 илјади евра, без да се распише постапка за јавна набавка, која што ќе ги обезбеди сите потребни документи, со кои ќе се докаже способноста на лицата кои треба да ги обезбедат услугите, е превисока сума да оди само преку постапка со прибирање на понуди по пат на јавен оглас, каде што критериумите не се толку јасно утврдени и дека отвора простор да манипулации и злоупотреба на средствата на граѓаните, преку кои што, поготово ако земете некои услуги за привремено вработување, угостителску услуги, правни, истражни, образовни, навистина се оставаат големи можности за злоупотреба на средствата.

Старото законско решение со кое што се планираше над три илјади евра, доколку е вредноста на набавката, задолжително да се распишува тендер, сметаме дека треба да остане, а не вака да се дозволи 20 илјади евра да се трошат само врз основа на понуди кои што ќе ги достават одредени заинтересирани економски оператори. Знаеме дека можеби има некои можности или проблеми кои ќе се јават при обезбедување на услугите, посебно хотелските. Но, 20 илјади евра сепка е преголема сума за било кој орган да му дозволите врз основа на три понуди да решава кој ќе ги дава тие услуги посебно, кога се работи за угостителски услуги, за привремено вработување, знаеме дека сега во Владата има голем број на вработени лица преку агенциите и никако не можеме таа бројка да ја дознаеме, бидејќи се врши намалување на платите на вработените со цел да може и привремено вработените да им се обезбедат плати, а во Буџетот не гледаме дека се намалуваат стапките за платите, но внатрешно во органите, во институциите се врши намалување на платите, за да се обезбедат средства за овие привремено вработени. Сега, до 20 илјади евра ќе решава некој кој што му одговара кој ќе биде што ќе ја врши таа услуга. Навистина големи пари се во прашање, многу институции се и добро е да остане старото решение. Доколку е над три илјади евра, задолжиелно да се распише отворен повик, ограничена постапка и другите форми на јавни набавки кои се предвидени во законот. Вака, повторно има можност за субјективно толкување, за политичко толкување, за партиско толкување на одредбите од членот да добиваат сите фирми и да се вршат набавки кои ќе одат на штета на злоупотреба на парите на граѓаните, а не да се придонесе за ефикасно трошење на парите.

Затоа, апелирам до колегите да го прифатат амандманот и да го вратиме старото решение со кое што над три илјади евра мора да распишете постапка за набавка на одредени услуги.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збро има господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас се јавувам во поддршка на амандманот и она што господинот Николов го зборуваше досега. Бидејќи кога зборуваме за овој закон рековме дека под плаштот на наводното усогласување со Европската унија, за кое што можеби еве десетти ден како разговараме за овој закон, сеуште го чекаме мислењето од Европската комисија за овој закон, укажавме дека постојат шест скриени финансиски капиџици на можни злоупотреби или за легализирање што во овој момент ги прави Владата и договорните органи, согласно дефиницијата од овој закон. Една од тие финансиски капиџици е членот 17 кој е поврзан со членот 55, за кој што моите колеги имаат и амандман. Имено, Владата се решава со овој закон до 20 илјади евра да склучи со прибирање на понуди набавки на 40-тина, како што се овде наброени услуги, при што тогаш ги нагласивме кога зборувавме за членот 17 консултантските услуги, денес посебно ги нагласи хотелските услуги или пак привремените вработувања. И, може да се случи за разни консултански услуги да исплаќаме по 19 илјади 999 евра со три понуди или Владата да го исплаќа тоа, за да надокнади консултанти кои што им служат за потреби на Владата. Останува секогаш кога пристапувате кон некој закон, имаше некој коментар по весниците дека опозицијата добро постапила со нападите за ТЕЦ Неготино, бидејќи не дозволила прво да се потпише договорот, па потоа да нападне, значи прво да се склучи штетата, па потоа да нападне, туку тоа сакала да го спречи, односно тоа со добар потег го спречила. Затоа и се обидуваме кога зборуваме за овој закон да укажеме дека има многу празнини кои ќе овозможат или се предуслов некој овој закон да го злоупотреби.

Потоа, да не се чудиме како е можно еден министер во Владата на господинот Груевски како Веле Самак да дава небулозни интервјуа, во кои што ќе го обвини законодавно правниот дом дека тој донел таков закон за исплата на неговите станови што ги има и куќи во Америка и дека ние сме виновни зошто сме донеле таков некој закон и тој сега не знам што ќе правел. Затоа, да не ни се случи министер да го обвинува законодавно правниот дом, бидејќи тој не го обвинува парламентарното мнозинство кои го изгласале Законот за извршување на Буџет и потоа за да не не обвинуваат министрите дека краделе, бидејќи така му изгласало Собранието, ние постојано апелираме дека има шест клучни точки кои се направени овде ниту по директивите од Европската унија, ниту по 17 или 18 Директивата од Европската комисија што се дадени потоа во прилог, само со единствена цел односно дали ќе се исплатат консултански услуги или ќе бидат хотелски услуги или пак привремени вработувања. Сведоци сме дека со привремените вработувања, тоа го зборуваше господинот Николов, се прават масовни договарања со непосредни спогодби, тука има вмешано дел од пратениците од парламентарното мнозинство, а за тоа ќе почекаме на пратеничките прашања во ноември да го обелодениме тоа. Затоа, сакаме да апелираме до сите дека 20 илјади евра се и тоа како голема сума за да ја договарате со непосредна спогодба, значи со прибирање на три понуди, а за тоа да не ни го објавите на веб страницата на Бирото за јавни набавки. Затоа, многу договорни органи или многу институции кои што ќе набавуваат хотелски или консултански услуги, па на крајот на краиштата и телекомуникациски услуги, ќе го прават ова со непосредна спогодба.

Она што посебно ме загрижува што во членот 17, кој е апсолутно поврзан со членот 55, бидејќи се повикува во ставот 2 од членот 17, стојат услугите за истражување на пазарот, истражување на јавното мислење и сега секој од министрите, можам да замислам, ќе земе да си прави свои анкети, ќе си прави свои истражувања и само ќе се зголеми бројот на продуктивни трошоци. Додека Владата ќе го зголемува бројот на непродуктивни трошоци, ќе се појави некој недоветен, недоветна изјава, нека не биде човекот, како господинот Самак, кој ќе каже дека парламентот донел погрешен закон, па Уставниот суд треба да се смени, бидејќи му ги скратиле милионите долари што ги дава оваа држава за одржување на имотите на четворица луѓе што нула придонеле во овие година и шест месеци за Република Македонија.

Затоа, за да не се обвинува парламентарното мнозинство дека дава можност за корупција, апелирам до парламентарното мнозинство да го поддржи овој амандман, да ги врати непосредните договарања на три илјади евра на некоја разумна или воспоставена цена или сума во Република Македонија, да не дозволува масовни злоупотреби од страна на договорните органи, бидејќи 20 илјади евра е и тоа како голема сума, која може да ги покрие сите овие 40-тина можности што им се нудат на министрите да ги направат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се обидам навистина да симплифицирам зошто овој амандман заслужува должно внимание, иако според атмосферата очигледно колегите од владеачкото мнозинство не се бог знае и колку заинтересирани да ги чујат аргументите со кои ги повикуваме на дебата. И, како што истакна мојот колега претходно да не ни се случи повторно некој од министрите за закони кои ќе ги успорува и Уставниот суд и кои ќе бидат практични, неприменливи, вината да ја фрли на Собранието на Република Македонија. Значи, овој амандман се однесува на членот 55, каде што децидно се наведени условите, кој договорниот орган е должен да прати известување до Бирото, со цел иститe да се најдат на веб страната односно да се транспарентни и достапни на јавноста. Барам конкретен одговор од заменик министерот. Дали тоа значи дека договорите за набавка на услуги, да не ги цитирам кои се опфатени во алинеја 2 од членот 17, кои изнесуваат до еден милион и 200 илјади денари не заслужуваат да бидат истакнати на веб страната односно сите услуги до 20 илјади евра ќе бидат во тајност пред македонската јавност. Знаете ли колкаво дискреционо право им оставате на договорните органи. Знаете ли што ќе се случува, знаете ли каков одлив ќе има на непродуктивно потрошени средства од Буџетот на Република Македонија.

Да потсетам повторно, станува збор за 200 милиони евра согласно овој закон кој го предлагате пред нас ќе бидат расапределувани и трошени. Господине министер, сте заборавиле да го искоментирате во коресподенсткaта табела и објаснувањето на член 17 и согласно тоа и на членот 55. Немате аргументи да ни понудите дека ова решение е согласно со европските директиви. Го немате, бидјеки не е така. И нема сега да говорам, да правам паралела што значи вредност од 20 илјади евра во македонски услови, или во услови во земјите од Европската унија. За нас 20 илјади евра се навистина солиден износ еден милион и 200 илјади денари, или речиси 10 годишна заработка на еден враотен кој прима просечен личен доход. И сето тоа ќе оди во тајност? За таа сума секој договорен орган нема да има никаква законска обврска да ја извести јавноста за што ги потрошил парите. Премногу е слобода и поготово што во овој момент бомбардирани сме од страна на вашата Влада со маркетиншки спотови и повик на граѓаните да се вклучат во борбата против корупцијата, па ги оневозможувате, ем трошите прескапи медиумски кампањи со кои се декларирате дека оваа Влада е невиден борец против корупцијата за во исто време да ни нудите закон кој ќе го легализира

буквално коруптивното однесување. И се разбира на дисплејот не е појавен претставникот на Владата, во овој случај заменик министерот, нема аргументи да каже зошто оваа Влада смета дека 20 илјади евра секој може да троши без никаков отчет, се разбира освен пред Државната ревизија. Јавноста тоа нема да го знае, јавноста нема да има можност да го употреби прочуениот телефонски број 199. И така “кучињата лаат, караванот си врви”.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Мери Младеновска Георгиевска, повелете.

**Мери Младеновска Георгиевска:** Благодарам претседателе. Од она што можеме да го следиме изминативе денови во однос на ставот на претставниците на Владата по однос на амандманите поднесени од нашите колеги, а тоа е најчесто негативен став по амандманите, за жал и колегите од мнозинството не најдоа храброст да гласаат за амандманите кои што навистина сметам дека се издржани. Сето ова покажува дека навистина Владата нема интерес да направи закон за јавни набавки кој ќе значи поголема законитост, транспарентност во работата на државните органи при спроведување на јавните набавки, туку напротив целта е нешто друго. Целта е да се озаконат активнсоти кои што согласно сегашниот Закон за јавни набавки се дејствија спротивни на законот, а со тоа да се прошири дијапазонот на активности кои функционерите кои раководат со државните органи можат да ги имаат при одлучувањето за јавните набавки што значи постапување, како што и во претходните свои дискусии споменав, согласно партиски интереси, а не согласно нормите кои што се пропишани во законите. Едноставно Владата сака да го легализира сето тоа што и сега го работи дефакто изминативе 16 месеци иако јавноста ја доведува во заблуда за своите антикорупциски мерки и активности, меѓутоа според познатото: слушај ме што зборувам, не ме гледај што правам. А за жал јавноста не може сеуште да види што точно прави јавноста, барем во сите сегменти сеуште преовладува мислење дека Владата се бори против корупцијата. Но така е тоа кога се трошат средствата од Буџетот за рекламни кампањи со кои што се промовираат нивни ставови во јавноста, а во пракса се спроведува нешто друго. И тоа да споменеме, во минатата година уште од доаѓањето на новата Влада на власт, или заземањето на позициите кога почнаа да си набавуваат авионски билети за патувања во странство без да се почитува постојниот Закон за јавните набавки. И тоа беше само почеток на низа други активности кои што подоцна следеа. Но, тоа не ги задоволува доволно, пак имаат ограничувања, а можеби, иако не велам имаат респект спрема Заводот за ревизија заради тоа што со начинот на притисок кој го применуваат во формирањето и формулирањето на извештаите на Државниот завод за ревизија се покажува дека имаат огромно влијание и немаат респект спрема Заводот за ревизија, но сепак, наоѓаат начин како да ги покријат сегашните свои активности. Па затоа сега си допуштаат во закон да внесат одредби за непосредно, или прибирање на понуди, со прибирање на понуди и одлучување во случаи кога се работи за услуги за железнички, воден транспорт, за привремено вработување, за хотелски услуги, за угостителски услуги, за правни, за истражни, за образовни, здравствени, социјални, рекреативни, културни, спортски и други услуги. Навистина се прашувам, ако се прочитаат внимателно сите одредби во законот во целина со сите исклучоци што овој закон ги дава, а што не се усогласување со Европската унија, туку едноставно волонтаризам и желба на Владата, тогаш, кои се тие постапки за кои што ќе има тендер. Навистина има во законот повеќе исклучоци отколку што има правила. Ако е правилото да имаме јавни набавки со распишување на тендери во кое што ќе мора заинтересираните лица да подготват соодветни спецификации и документација која ќе гарантира и квалитет и на стоките и на услугите што се нудат во која ќе мора да се ценат овие нивни спецификации и документи што ги дале од страна на комисија за да може комисијата соодветно на функционерот кој одлучува за набавката да го понуди најдоброто решение, не знам зошто се сите овие исклучоци? Што ќе се случи во пракса? Во пракса ќе се случи да имаме закон за јавни набавки кој е со огромен број на членови вкупно, еве уште еднаш ќе повторам со се пропратните материјали што ни ги доставивте околу 300 страници, а инаку има 240 члена, а во тој Закон за јавни набавки да имаме повеќе исклучоци и во пракса да сме соочени со јавни набавки со непосредно спогодување, или со барање за прибирање на понуди, како што е и овој случај за вредност до 20 илјади евра. Тоа е огромна сума на средства, зборувам за наши услови. Но, да бидеме прецизни во дефинирањето на она што значи јавна набавка. Наместо законот за јавни набавки, тоа е и целта на законот да овозможи поголемо планско работење од страна на корисниците на Буџетот, значи од страна на државните институции,тоа е и стратешкото планирање за што се планираат и финансиски импликации. Знаеме како е во Европа. Многу години однапред се планира за наредните години и се знаат сите активности, се прават добри планови за да може врз основа на тие програми и планови по потреба, во зависност од тоа за што станува збор да се спроведат јавните набавки. И наместо да се стремиме кон Европа со подобро планирање кое ќе овозможи распишување на тендери претходна година за дејствија што треба да се извршат, или за стоки што треба да се набават наредната година, ние, односно Владата останува приврзаник на ад хок решенијата што значи работење без планови, без програми, туку едноставно онака како што во моментот некому ќе му одговара да направи таква јавна набавка и во најголем број случаи со непосредна спогодба, или со барање за прибирање на понуди за огромни вредности како што е случајот сега со 20 илјади евра, со што сметам дека се нарушува целиот

концепт на јавни набавки што како институт постои во Европската унија и што треба да ја зголеми финансиската дисциплина во рамките на државнит еинституции. Ние сега имаме навистина со овие предложени решенија еден ретрограден процес во кој се враќаме назад кој ја намалува финансиската дисциплина и кој буџетските корисници не ги поттикнува на планско работење, туку напротив на изнаоѓање на решенија ад хок и наоѓање можност да задоволат партиски интереси, политички интереси на оние понудувачи кои што имаат во одредена сфера што да понудат кога нивната партија е на власт. Затоа уште еднаш колеги, како и претходните дискутанти апелирам до колегите од мнозинството, иако навистина во моментов во салата се во мал број овде присутни, да размислат при усвојувањето на овој амандман. Амандманот значи наместо набавката на овие услуги од железнички, воден, транспорт и т.н. што и претходно ги споменав да бидат ограничени за вредност, значи со барање за прибирање понуди за вредност до 3 илјади евра, а не како што е случајов 20 илајди евра. Тоа ќе овозможи поголема фианнсиска дисциплина и поголемо планирање, а само во ад хок ситуации ќе можат да се извршат вакви набавки до одредена сума 3 илјади евра кога навистина реално во пракса ќе се појави потреба од таква набавка, а не тоа да биде правило, или пак да биде набавка за големи вредности како што е случајот со 20 илјади евра.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани присутни, кога ги пишувавме амандманите вклучително и овој амандман во почетокот на јули месец 2007 година бевме убедени дека се работи за недоразбирање, односно дека нашата Влада сигурно ќе го прифати овој амандман и ќе ја повлече бројката 20 илјади евра од членот 55. Зошто? Зошто ни е закон за јавни набавки ако терминот јавни набавки со неколку членови од поднесениот закон впрочем го премостувате. Терминот јавни набавки, терминот тендер и сите импликации и сите постапки кои ги предвидуваат, вие со неколку члена вешто и мудро ги премостувате. Ако во предложениот закон малите набавки за вредности до 3 илјади евра ги заменивте со 5 илјади евра, зошто ви е сега заменување на одреден дел на услуги да бидат без тендер во вредности до 20 илјади евра. Се надевав дека претставниците на Министерството за финансии ќе имаат доблест да и појаснат на опозицијата дека не сме биле во право, да не дебатираме за џабе, да кажат која била идеата и што планирале со овие 20 илјади евра без тендер договорни услуги. Вака нивното молчење можеме да го сватиме само како одобрување дека сме во право, меѓутоа еве вака мора да биде. Зошто? Затоа што впрочем со јавните набавки се трошат народните пари, се трошат парите на граѓаните на Република Македонија, се трошат парите на даночните обврзници. Парите на даночните обврзници, парите на граѓаните кои го сочинуваат Буџетот на Република Македонија мораат да се трошат транспарентно, да се трошат преку јавни набавки, како не би се сомневале дека се работи за коруптивни постапки, дека се работи за намерни набавки на поскапи добра. Впрочем, вметнувањето на вредноста за која се однесува овој амандман дека до 20 илјади евра без вклучен ДДВ можете да набавувате услуги за железнички и воден транспорт, услуги за привремено вработување, многу актуелно деновиве, многу актуелно е можам да кажам оваа година ипол од кога е оваа Влада на власт. Привременото вработување оди преку агенции, притоа се соменваме дека парите се делат фифти фифти меѓу Агенцијата и меѓу работодавачот, се соменваме дека партиските фирми кои се впрочем тие агенции перат пари на овој начин. И сега до 20 илјади евра можете да го работите тоа, а на големо зборувате дека сте се бореле со корупцијата во Република Македонија. Не, почитувани. Не само што не се борите со корупцијата, туку резултатите од борбата против корупцијата кажуваат дека најкорумпирана, една од најкорумипираните Влади во Република Македонија, веројатно после онаа претходната на Љубчо Георгиевски е сегашната. Вие сакате на овој начин да го легализирате тоа. Вистината никого не би требало да го навредува. Во спротивно, гласајте за овој наш амандман. Отфрлете го предлогот до 20 илјади евра да може услуги за железнички, воден транспорт, услуги за привремено вработување, хотелски, угостителски, правни, истражни, образовни, здравствени и социјални, рекративни, културни, спортски и други услуги да си бидат согласно закон за јавни набавки до 3 илјади евра, како што е секаде во светот, а не од 3 илјади на 5 илјади евра, па 20 илјади евра, па пет пати по 20 илјади евра, а новинарите едно ќе кажуваат, друго ќе се случува во суштина. Меѓутоа, нашиот народ, македонскиот народ не го потценувајте , луѓето гледаат што се случува, нашиот народ е многу паметен, знае да цени. Впрочем и последните анкети околу задоволството од работата на власта кажуваат дека нашиот народ гледа што се случува.

Уште еднаш апелирам, ако се согласувате по вашата реакција со мојата дискусија гласајте за нашиот амандман во кој бараме бројот 20 илјади евра да се замени со бројот 3 илјади евра.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Благородна Цветковса, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам претседателе. Станува збор за сериозни амандмани поднесени од пратеници од опозицијата. Верувам дека секој амандман е поднесен со единствена цел да се подобри текстот на законот. Станува збор за многу сериозен закон, закон за јавните набавки. И токму овој амандман во членот 55 алинеја 3 зборовите “алинеја 2” се бришат, а бројот “20 илјади евра” се заменува со “3 илјади евра” Јас се прашувам самата, ве прашувам и вас почитувани колеги пратеници и почитуваниот министер како на народот ќе се објасни 20 илјади евра. Па во секоја

нормална држава каде што не треба да има корупција, а корупцијата доаѓа токму преку тие јавни набавки најмногу. Овде имаме голема можност. Затоа повикувам, човечки е секој да се преслуша за да навистина не правиме големи парадокси, бидејки овој закон  за јавни набавки има и најголема можност за корупција, а извор на корупцијата е токму државата. Мислам дека основен предуслов за корупцијата е лошата законска регулатива. Па затоа ги поднесуваме и овие амандмани. Конкретно овој амандман кој навистина не може да се објасни, бидејки доаѓа со парите на народот.

Со новиот закон за измена и дополнување на Законот за јавни набавки, регулативата за јавни набавки ја правиме уште полоша. Затоа, прифатете барем некој од овие амднамни што ги нудиме, најдобронамерно. Да не гледаме политика во нив. Да гледаме реалност, човечност, да гледаме чесност, бидејќи се работи за пари на народот, а тешко на онаа држава која на ваков начин ги поставува темелите на законите што се од многу битно значење во една држава.

Ги повикувам сите во овој законодавен дом да го поддржат овој амандман, да остане така како што беше претходно, наместо 20 илјади евра да остане 3000 евра. Бидејќи се работи за многу голема сума,  овде испаѓа дека се враќаме на она старто :договарање во четири очи за големи суми на набавки, без контрола од никого, без учество на Бирото за јавни набавки што, очигледно, пречи токму на Владата.

Едноствно, ќе имам храброст да речам дека со овој закон се враќаме во времето поради кое пропадна и социјализмот. Со овој закон ние ништо не правиме во прилог на подобрување на хармонизација, на подобрување на законите во согласност со европските, што навистина ќе ни даде влез во Европската унија. Меѓутоа, навлегуваме во уште поголеми вдлабнатини и можности за корупција. Сметам дека најблагонамерно и добронамерно го понудивме овој амандман и сметам дека ќе биде поддржан од мнозинството, со цел да се подобрат решенијата предвидени со овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Ги повикувам пратениците кои не влегле сеуште во салата, да влезат во салата и да ги заземат своите места.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници. За гласале 5, воздржано 1, против 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1 за додавање нова алинеја 1 пред алинеја 1, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:**  Со овој амандман се бара оној кој врши јавна набавма да има софтвер компатибилен со електронскиот систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки. Оној кој сака да ја изврши јавната набавка, нема потреба да има ваков софтвер. Доволно е да има компјутер и инрернет конеција. Доставува барање до Бирото за јавни набавки, добива корисничко  име и си ги користи последниот софтвер, постојниот систем што го имаме. Нема потреба од дополнителни трошоци, нема потреба од нов софтвер, затоа што се работи за поголем број лица кои вршат јавни набавки. Имаме софтвер и тие ќе го користат тој софтвер. Само им треба компјутер и интернет, ќе поднесат барање, добиваат корисничко име и си го користат постојниот софтвер што во моментот го имаме.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 8, нема воздржани, против гласале 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 77 поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Предраг Трпески:**  Овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:**  Благодарам.

Со овој амандман што се однесува на членот 77 и на постапката за јавни набавки на конкурентен дијалог, по пат на конкурентен дијалог, со нашиот амандман се предлага договорниот орган да може да распише постапка за јавна набавка по пат на конкурентен дијалог, до колку претходно добие согласност од Бирото за јавни набавки.

Во овој Предлог на закон од Владата, за јавни набавки, конкурентниот дијалог е предвиден како една нова форма на јавна набавка и таа е

предвидена да се користи во две ситуации: тоа е дека предметниот договор за јавна набавка е особено сложен и спроведувањето на отворена или ограничена постапка, нема да овозможи доделување на договор за јавна набавка.

Уште еден член во законот што навистина отвара простор кога некој ќе процени дека не може доволно техничките спецификации да ги објасни преку отворен повеик или ограничен повик или ако процени дека не може да овозможи доделување на договор за јавна набавка, да си почне постапка со конкурентен дијалог.

Во претходниот закон, што сеуште важи, Бирото за јавни набавки беше тој орган што ги следеше постапките за јавни набавки. И, ако некој бараше во таа ситуација непосредна спогодба, да отвори постапка за преговарање, мораше по два пати отворен повик да поднесе барање за согласност до Бирото за јавн набавки.

Исто така и при конкурентниот дијалог ќе беше добро, бидејќи се работи за нова форма на јавна набавка, сите оние кои мислат или кои сакаат да не ги спроведат претходните постапки да поднесат барање до Бирото за јавни набавки и тоа да процени дали се исполнети условите да се работи според овој член од законот, односно дали да се работи преку конкурентен дијалог.

Инаку, конкурентниот дијалог, како постапка, навистина е овде објаснето како сложена, но од друга страна отвора простор секогаш кога не сакате да ви се јават повеќе понудувачи и да добиете поквалитетни понуди, да одите на конкурентен дијалог, да добиете минимум три понуди и со нив да почнете преговори.

Навистина сметаме дека Бирото за јавни набавки, како институција што веројатно и го пишувала овој закон, како институција што е најупатена во постапките за јавни набавки, како институција што треба да се грижи за правилното спроведување на постапките за јавни набавки и што треба да извести за сите неправилности, мора при овие нови форми да биде вклучена кога ќе се спроведува ваква постапка за јавна набавка. Во спротивно, повторно ќе се остави простор некој да си спроведува постапки за јавни набавки без да биде потранспарентен, да овозможи вистинска конкуренција, иако тука го пишува тоа, да им даде можност на повеќе поудувачи. Овде бројот може да се сведе на миминум три. Ќе процени договорниот орган дека не му одговараат другите понуди или не одговараат на неговата спецификација и ќе ги одбие сите други понуди и ќе остане на тројца понудуивачи. Тука сега се доведува во прашање членот 34 и 35 каде се предвидува можност ако некој понуди и друга услуга или друга стока, работа што вие не ја барате по технички спецификации, дали ќе важи, како што дебатиравме кога го носевме.

Навистина, постапката не е добро објаснета. Сметам дека конкурентниот дијалог ќе го користат повеќе фирми кога сакаат некој нивен близок да го добие тендерот и на тој начин да се оствари некоја услуга што ќе доведе до злоупотреба на парите на граѓаните.

Затоа апелирам да се прифати овој амандман. Не менува ништо суштински во постапката. Не навлегуваме во процедурите. Едноставно бараме да се бара согласност од Бирото за јавни набавки што треба да изврши проценка. Ништо повеќе. Тоа е една процедура што до сега е веќе воведена во пракса, што голем број понудувачи ја користат или набаувачи, или на тој начин навистина и во конкурентниот дијалог ќе се овозможи негова правилна примена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 6, воздржани нема, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 88 за менување на алинеја 4, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Предраг Трпески:** Овој амандман не се прифаќа, затоа што фактичи е имплементиран во амандман што го поднесе Владата, Така што веќе е направена измена во законот. Владата не го прифаќа, бидејќи поднесе амандман со исти одредби како што е тука.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Бидејќи Владата го видела пропустот во законот и поднела амадман, амандманот го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Глава 5 за бришење на делот 4 члeновите 89,90,91,92 93,94,95,96,97 и 98, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Предраг Трпески:** Решението дадено во Главата 5, делот 4 од Предлогот на законот за јавни набавки претставува целосно усогласување со одредбите од Директивата 18 на Европската унија од 2004 година, со што се уредува постапката за преговарање со претходно објавување на оглас.

Имено, согласно директивите, договорните органи, под строго дефинирани услови може да спроведат постапка со преговарање, со претходно објавување на оглас. Со оглед на обврските за усвојување на правото на Европската унија,

сметаме дека е неопходно нејзино имплементирање во овој Предлог на закон, така што амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Ако образложението на заменикот министер е дека ова претставува целосно усогласување со директивите на Европската унија, како што беше и за еден претходен амандман, сепак не навлезе во расправа по предложениот амандман или во Главата 5, делот 4 што се однесува на предвидената постапка и навистина ќе видеше дека онака, како што е објаснет овој член или оваа глава, делот 4 од Законот за јавни набавки, навистина создава многу забуни. Повторно една постапка што создава можности за неправлно трошење на парите или неправилна проценка од страна на договорните органи што планираат да спроведат постапки за јавни набавки.

Според членот 89, во кој стои: договорниот орган спроведува постапка со преговарање, со претходно објавување оглас, ако не е пристигната ниту една прифатлива понуда во отворена постапка, ограничена постапка или во конкурентен дијалог, а при што е поништена претходната постапка без битно да се променат почетните услови во тендерската документација.

Ајде сега господине заменик министер објасните што е тоа "битно", Кој ќе ја врши проценката и како тоа законски ќе го толкувате вие "битно" или ќе земете двајца-тројца парвници, нека објаснат како ќе го толуваат зборот "битно".

Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, може да се спроведе ако не се спроведени условите. Јасно и чисто. А не ако битно не се промени. Нема промена на тендерска документација. Сте распишале тендер, не сте ја промениле тендерската документација и одите на наредна постапка. Како сега битно, што е битно? Дали ќе смените критериум, дали ќе смените документи што треба да ви ги поднесат, дали ќе смените некој документ за економска способност? Што е тоа "битно"? Тоа е алинеја 1.

Потоа за услуги, природата на работите, особено ако е сложена и не може доволно да се објасни. Па, за што е тогш конкурентниот дијалог? Таму не можете да добиете понуди, па ќе одите повторн на распишување оглас, иако претходно не сте добиле ниту една понуда. Како ја објаснувате оваа постапка, навистина не ми е јасно. Зошто имате потреба да распишувате повторно оглас ако не сте добиле понуди. Дали ќе ги намалувате критериумите и кој е тоташ квалитетот на постапката што ќе ја спроведете?

Навистина, оваа постапка отвора голем простор за повторно субјективно толкување од страна на договорните органи. Битно не е променета тендерската документација. Навистина е проблематично. Барем ставете, да биде јасно дека нема промена на тендерската документација и да се знае дека тогаш треба да се поведе.

Понатаму, во ставот 2, договорниот орган не е должен да објави оглас до колку во постапката, со преговарање ги повика сите економски оператори кои во отворената постапка, ограничената постапка, или конкурентниот дијалог ја докажале својата способност и кои доставиле понуди согласно со барањата на соодветната постапка. Во таков случај договорниот орган не може да повика понудувачи или кандидати кои не учествувале во претходна постапка. Тоа, не знам како да кажам, ако го пишувал некој во Бирото за јавнио набавки кој малку се разбира во постапките за јавни набавки, или ако има некоја стручност, треба да ја врати дипломата. Како сега, ако ви доставиле понуда по ограничен или во отворен повик, вие ќе го поништите повикот и ќе одите на преговарање. Каква е таа постапка, кога имаат приоритет во отворен повик и ограничен повик, ви доставиле понуди, тука пишува ги исполнуваат условите, го поништувате тој повик, одите на постапка со преговарање. Каква е таа процедура. Еве, објаснете ми. Сте распишале отоврен повик, дошле доволен број на понудувачи, зошто ќе го поништите тендерот, поради сложеност и поради немање доволно објаснување? Или напишете дека не доставиле задоволителни понуди, дека не може да се изврши избор. Како сега во член 2, пишувате отворен повик, не ми одговараат тие што биле понудувачи и сега ќе ги викнам на преговори. Не може поинаку да се исправи овој дел од законот освен сите членови да се избришат. Овде во законот имате голем пропуст. Тоа е, како да кажам, катастрофа. Сите постапки ги доведувате во прашање, се сведувате на конкурентен дијалог и на постапка со преговарање, со објавување на оглас, или наредната глава, без објавување на оглас. Како ќе поништите отворен и ограничен повик ако имате доволен број на понуди. Сите оние кои ги разбираат овие постапки, некој тука можеби не е доволно упатен во овие работи. Не може став 2 да стои. Го поништува целиот закон во сите делови. Треба сериозно да размислите да побарате пауза и ова да го смените.

Очигледно колегите се многу заинтересирани за овој закон, но во ред.

Ние ќе зборуваме за она за што сме поднеле амандмани, а тие нека си коментираат од страна.

Значи, имате сериозни пропусти при оваа постапка посебно при овој член, а и сите наредни се поврзани, бидејќи тоа означува почеток на оваа постапка.

Колеги пратеници,

Тоа не е само зборување колку нешто да се зборува во Парламетот. Тоа се суштински работи при овој закон. ако вака помине, навистина во овој закон ќе биде неприменлив во пракса или ќе биде применлив секој да си го толкува како што сака.

Јас најсериозно апелирам до вас да размислите за она за што зборуваме и да реагирате. Во спроитвно брзо ќе дојде времето кога овој закон

ќе претрпе измени и дополнување, токму поради овие недоречености, само тогаш ќе видиме како ќе се правда Владата како предлагач на овој закон. Благодарам .

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега Николов.

Процедурално за збор се јавува пратеник Силвана Бонева.

Повелете госпоѓа Бонева имате три минути.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе,

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, барам еден час пауза.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Јас ќе си земам за право паузата да ја спојам заедно со паузата за ручек, бидејќи тоа се четири минути.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Паузата започна во 12,56 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во15,04 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата, продолжуваме со работа.

(Минуваат минути на чекање)

Ги замолувам уште еднаш колегите пратеници да влезат во салата ќе продолжиме со работа.

Бидејќи расправаме по амандман на глава 5, а на дисплејот се уште има пријавени за збор колеги пратеници, колешката Благородна Цветковска не е присутна во салата, ве молам да ја избришете од дисплејот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата, ќе пристапиме на гласање.

(Минуваат минути на чекање)

Ги повикувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме на гласање.

Ги замолувам уште еднаш колегите пратеници да влезат во салата.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ги молам колегите да седнат на своите места за да можеме да го утврдиме бројот.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Минуваат минути на чекање)

Ги замолувам уште еднаш колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата, ќе пристапиме на гласањето.

Во слата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеника, за гласале 9, нема воздржани, 50 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 99 ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Овој амандман не се прифаќа.

Во првиот став, како и претходните амандмани, се бара согласност од бирото за јавни набавки, ова не се прифаќа.

Во вториот став процентот од 30% да се замени со 20% всушност би значело враќање на старото решение кое е 20%. Директивата на Европската унија дозволува со Анексот да се оди до 50% така што некое компромисно решение би било 30% што е предложено во овие измени и дополнувања на Законот.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

За овој дел од Предлог законот за јавни набавки или овој член се однесува на непосредните спогодби, како што беа во претходниот закон или постапка со преговарање без претходно објавување на оглас.

Овде Владата исто како и во претходниот член, кога воведе нова постапка со објавување на оглас повторно отвора можности да се отпочне постапка со преговарање, без согласност од Бирото за јавни набавки. Значи, еден контролен механизам кој многу помагаше или оневозможуваше да се применуваат овие одредби од претходниот закон сега се брише и се остава можност да почнете постапка со преговарање без претходно објавување на оглас.

Исто во членот 99 став 1 алинеја 1, предвидено е оваа постапка да се применува и кога не е поднесена ниту една понуда во отворена постапка или не е поднесена ниту една пријава за учество во првата фаза на ограничена постапка под услов да не се сменети првичните услови на договорот, претпоставувам на тендерската документација.

Со претходниот закон беше предвидено по 2 објавени јавни повици да се бара согласност од Бирото па потоа да се оди на преговарање.

Во овој случај по едно спроведено огласување на јавна постапка за набавка можете да одите на постапка со преговарање без да се објави јавен тендер и без да се бара согласност од Бирото за јавни набавки.

Тука се наведени условите во кои може да се примени оваа постапка и мислам дека дел од нив можат да останат и дозволуваат да се забрзаат постапките за јавни набавки под услов да се добие согласност од Бирото за јавни набавки.

Но, она што смета во овој член е тоа што и за дополнителните работи се зголемува процентот од 20 на 30%, што претставува огромно зголемување иако заменикот министер го објасни дека се врши усогласување со законодавството на Европската унија, сепак во Република Македонија такво нешто сеуште не постојат услови да се примени, бидејќи да не можете да испланирате и да ви дозволи некој до 30% од договорот да го извршувате без да објавите јавен повик, во тој случај ќе се создадат огромни можности повторно за злоупотерба. Значи, ако имате еден предмет или некоја стока во која треба да извршите дополнителни набавки, претпоставувам дека вреди еден милион евра, за 300 илјади евра можете да одлучувате без да објавите отворен повик или јавен повик за некоја од постапките за јавни набавки.

Во овој закон има многу такви можности. Предлагачот, Владата остава многу, многу простори за непосредно преговарање во кое што нема никаква контрола. Ваква постапка во Извештајот на Бирото за јавни набавки од минатата година стои дека некаде околу три милијарди денари се спроведувале преку непосредно преговарање. Тоа се големи пари на граѓаните на Република Македонија и ако гледаме дека Владата спрема тие пари не се однесува рационално и економично, туку ги троши за непродуктивни расходи, така сега, за жал не може директорката на Бирото за јавни набавки да земе збор, има барање од Министерството за култура да набават восочни фигури со непосредни преговори во вредност од три милиони евра. Не знам дали по стариот закон ќе им дадат согласност, бидејќи по два спроведени јавни повици немаат добиено понудувачи и сега три милиони евра ги троши оваа држава за восочни фигури и тоа со непосредна спогодба, се со цел да се изгради тој толку фамозен музеј на ВМРО.

Нека ценат граѓаните на Република Македонија за што се трошат парите. Читаме секој ден во весниците и во медиумите слушаме како животот станува се потежок, како луѓето не можат од први до први да преживеат, како не можат да си ги платат сметките за вода, за струја, за телефон, како не можат основната потрошувачка кошничка да ја обезбедат за преживување, а сепак Владата си дозволува да троши пари на граѓаните за непродуктивни. 30% да дозволите дополнителни работи, веќе објаснив дека е еден милион евра, да не зборувам за поголеми суми без никаква контрола. Навистина колеги пратеници сега да се ставиме во обратна ситуација. СДСМ да го предложеше овој закон, а вие да бевте опозиција можеби сите сообраќајници ќе ги блокиравте во градот Скопје. Навистина не можете така да се однесувате, со двојни критериуми и да дозволувате вакви законски решенија да поминуваат во Собранието, без разлика дали се работи за усогласување со Европското законодавство.

Кажав и претходно, а ќе повторам и сега, брзо ќе дојде времето кога овој закон ќе мора да се промени. Брзо ќе покаже првиот извештај на Државниот завод за ревизија од кога ќе се применува овој закон колку злоупотреби се направени и каде се се направени. Да не дозволиме тоа да се случи отпосле, кога парите ќе се потрошат и проблемите ќе се создадат. Дајте да го усвоиме амандманот, или да го подобриме законот се со цел да ги оневозможиме овие можности некој да троши пари на граѓаните без никакви контроли, без никакви согласности, без некој да одговара за тоа. Со вакви законски решенија Владата дозволува парите да одат во неповрат, граѓаните да бидат и натаму посиромашни, но битно ќе биде колку пати ќе не има на телевизија, колку ќе се рекламираме, какви кампањи ќе водиме, а нема да биде битно за што се трошат парите на граѓаните.

Ве повикувам да го поддржите амандманот и навистина да се подобри законот и да се оневозможат злоупотребите во него. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Процедурално три минути за пратеникот госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, би сакала мојата забелешка да ја прифатите како пратеник во Собранието на Република Македонија кој што навистина е загрижен за начинот на кој што функционира Собранието, не само денеска. Денеска на барање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ имавме еден час пауза за да може пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да присуствува на промоција на книгата на премиерот.

Значи, Собранието може да си го дозволи тој луксуз, дозволете ми и ќе ви кажам зошто го кажувам ова.

Значи, Собранието може да си го дозволи луксузот да не работи еден час кога станува збор за потребите на ВМРО-ДПМНЕ и тоа за приватни потреби, кога премиерот приватно организира промоција на негова книга. Трагедијата е во тоа што дури и по завршување на паузата ние се соочуваме со тоа да не можеме да обезбедиме кворум и покрај тоа што пратениците на СДСМ се во салата и по долго чекање, откако се обезбеди кворум и откако почна дебатата по амандманите, додека господинот Николов зборуваше и го образложуваше амандманот да не покажуваме никакво почитување према говорникот со тоа што разговараме цело време во салата, се шетаме низ салата и на тој начин ги деконцентрираме пратениците што дискутираат.

Во меѓувреме повторно неколку пратеници излегоа од салата, повторно пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и убедена сум кога ќе дојде ред за изјаснување за овој амандман дека повторно ќе имаме пауза заради обезбедување на кворум.

Сакам да ве замолам најсериозно да седнеме да работиме и онака сме дојдени во Собранието. Или да седнеме да работиме, да имаме трпение да ги слушаме колегите, да ги изгласаме амандманите и конечно да го донесеме законот и

ве молам за посериозен пристап кон работата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Колешке, токму тоа и го правиме, меѓутоа легитимно право е на секоја пратеничка група да побара пауза од еден час. Дали ќе бара за некои приватни, или партиски работи тоа е право на нивната група. Легитимно право е да си побара еден час пауза. Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот, господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас да го искажам своето мислење во поддршка на овој амандман од следните причини.

Ако се направи една анализа на сите досегашни извештаи на Заводот за ревизија ќе се види дека најголемите забелешки ги имаме токму по однос на продолжувањето односно зголемувањето на т.н. дополнителни набавки кои се однесуваат на одредена јавна набавка.

Второ, најголемото изигрување досега на јавните набавки всушност било во тие дополнителни 20% од вредноста на одредена јавна набавка.

Од тие причини секогаш се јавувал проблемот оние кои го добивале тендерот или јавната набавка со недоискажана, со непрецизност при конкурирањето на одредена набавка сето тоа да го надокнадат со дополнителните 20% кои што досега беа од набавката.

Ова го покажува и практиката. Секој оној кој што имал барем малку прилика да се сретне со спроведување на јавни набавки ова го воочил и затоа често пати се прашуваат одредени субјекти кои што конкурираат на одреден оглас за јавна набавка како може некој субјект да фигурира со така ниски цени. На крајот се докажува дека со дополнителните договори преговори и искористувањето на досегашниот процент од 20% ги надокнадува тие разлики во цени. На најразлични начини тоа во праксата се злоупотребувало.

Се плашам дека ова што сега го правиме со законот и зголемувањето на 30% ќе доведе до уште поголеми проблеми во спроведувањето на јавните набавки кои што ќе одат на штета на трошењето на јавните пари, дали се работи за финансиски средства од рамките на Буџетот, или пак финансиски средства од јавните претпријатија и други установи кои подлежат на овој закон.

Јас би го поддржал решението во законот да остане на 20% и тоа да биде допрецизирање. Да биде само за спроведување на јавната набавка која што е во тек.

Вака сега како што Владата предлага и дава можност дека должината на дополнителните набавки не смее да надмине три години од склучувањето на основниот договор и нивната вредност не смее да надмине 30% ве убедувам дека сите набавки, над 90%, ќе се спроведуваат по овој член. Секој оној кој што ќе го добие тендерот за одредена јавна набавка во даден период ќе има пониска цена која што ќе биде зачудувачка за пазарните услови, но во тој период од три години убеден сум дека ќе ја достигне сумата од 30% од основната набавка која во обратен смисол ќе имате зачудувачки високи цени за тие дополнителни 30%.

Се плашам дека ова што овде се предлага од страна на Владата има една единствена цел, на оној кој што ќе ја спроведува јавната набавка да му овозможи да ги избира најскапите понуди и сето тоа да го надокнади во рок од три години.

Може да е во ред објаснувањето на заменикот на министерот дека во Европската унија има и до 50%, но доколку погледнете од она што Европската унија спроведувала преку одредени институции јавни набавки во Република Македонија многу, многу ретко им се случува да имаат дополнителна набавка на основнота јавна набавка. А кај нас ви гарантирам дека ќе биде обратниот случај.

Во овој преоден период мислам дека добро е Владата да размисли да го врати решението до 20% и тоа во текот само додека се спроведува постојната одредена јавна набавка. Никако подолг период, а не како што овде е дадено во период од три години од склучувањето на договорот. Замислете сега една јавна набавка од милион евра сме ја спровеле оваа година и после две години вие со истиот изведувач ќе дозволите на некој до 30% да склучи непосредна спогодба.

Ова е надвор од било која пазарна логика, да не дозволите на некој 400, 500, 1000 евра да ги договорат со непосредна спогодба. Ве молам, кон што тоа ќе не води. Немој да ве чуди после што пред некој ден, тоа сите го премолчувате зошто за десет места паднавме во светски рамки за конкурентност како држава во рамки на стопанството. Една од причините е и јавните набавки. За оваа година, со оваа Влада, ама тоа не го кажувате, за 4-то место кое што нема врска со економски напредок, туку има врска само со папилорогија, секоја вечер не бомбардирате, а сега не кажувате дека пред нас замина и Србија и Црна Гора, Босна ни се доближи, Албанија ни се доближи, за една година додека е оваа Влада.

Мислам дека решението кое што како Влада го предлагате е многу лошо и ќе предизвика лавина на корупција во Република Македонија. Преиспитајте го уште еднаш, во овој преоден период да останеме на старото решение кое беше досега, иако и тоа се злоупотребуваше најмногу, ќе повторам досега, но сепак е многу подобро од решението кое што сега Владата го нуди. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеникот, господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчисоки:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Мислам дека бегло се преминува преку овој амандман, па дозволете со поедноставни зборови

или преку некои примери да објаснам за што всушност станува збор. Добро би било да посветиме внимание, бидејќи станува збор за многу важен чекор кој се предложил во новото законско решение, а е можност за коруптивни дејства, без притоа да посочам дека органот или институцијата ќе го дозволи тоа. Едноставно самиот процес на тендерската постапка при вакви услови ќе ги доведе во непријатна положба и раководниот орган и Бирото за јавни набавки кога ќе се направи некоја ревизија на процесот. Само еден пример. Јас и порано од оваа говорница ви кажувам дека административниот капацитет на јавните институции кои треба да извршат јавен повик е слаб. Ако треба да се изврши санација на едно школо за правилно да се распише тендерот потребно е добар премер и пресметка со прилично точна спецификација на работите кои што треба да се извршат, материјалите кои што треба да се вградат за прилично точно да се определи ориентационата вредност, плус минус 5% за да се распише тендерот или да се планираат средства. Тоа во 95% без да го кренам прстот и во наше време и во ваше време практично е невозможно. Затоа во законот се осмислила оваа клаузула, ако недостигаат средства за завршување на работите до 20% од висината на предвидената инвестиција да се овозможи анекс на договорите за да се дозавршат договорите.

Во пракса што се случуваше. Масовно се злоупотребува оваа масовна одредба. Искрено да ви кажам јас не сум ни за 20%, а камо ли што вие сте ја подигнале на 30%. Зошто? Најчесто комисиите или пониските службеници кои што ги вршат припремните работи се договараат со заинтересираните странки кои што се потенцијални изведувачи, најчесто им сугерираат до која висина на средства треба да одат. Потенцијалните изведувачи кои што не ретко се човек фирма кој што треба дополнително да ангажира подизведувачи за еден зафат одат пошто пото со најниска цена без воопшто да поседуваат било какви капацитети да се пресметаат во спецификацијата на работите кои што треба да се извршат, или материјалите кои што треба да се вградат за да ја прикажат реалната понуда до порачувачот. Најчесто се одговараат дека треба испод цена да одат за министерот или директорот на институција кој што го врши изборот практично да биде чист пред законот дека го извршил изборот на најповолна понуда, оној кој што бил најнизок за времето на извршување на активностите е друга приказна, но најчесто се гледа на цената и жалбите најчесто се по однос на понудената цена на изведување. Што се случува? Веднаш потоа се случува анекс на договорот во висина на 20%, значи масовно оваа појава е присутна иако првичните проценки и потребата за ова нешто имала сосема друга намера. Значи, најодговорно ви тврдам дека масовно се злоупотребува оваа работа од страна на комисиите за јавни набавки кои се од страна на Министерството и другите јавни институции.

Предложениот амандман има два дела. Во едниот дел е да се зголеми контролата со внесување во игра на Бирото за јавни набавки. Бирото за јавни набавки ќе даде согласност за одреден тендер и потоа нема увид дали е користена клаузулата со 20%. Ако направат и мала проверка ќе видат дека во 99,9% на случаите е искористена клаузулата со 20%, анекс на договорите на постојните договори, без дополнителен јавен повик.

Значи ние предлагаме Бирото за јавни набавки да се вклучи во увидот на работењето на договорниот орган, да го следи до крај тендерот, за кој што дал согласност Бирот да се распише. Колку често и дали оправдано ќе се пристапи кон изготвување, или потпишување на анекс на договорот во висина до 20%.

Јас да ви кажам, искрено многу често вредноста ја надминува и над 20%. Масовно го кршат законот. Контролите на ревизијата го потврдуваат тоа. Па често пати, смислуваат некои други позиции, или на поинаков начин да се реваншираат до изведувачите, за да се покријат обврските. Најдобронамерно е ова предложено. Бирото за јавни набавки како институција која што е одговорна за овој процес мора да биде вклучена до крај. И со првиот дел на амандмнот ние го овозможуваме тоа. Ако ништо друго, директорот на Бирото за јавни набавки ќе бара постојани писмени извештаи од институцијата која што го спроведува тендерот за динамиката на спроведување на тендерот и дали е во рамките на она кое што го дозволило Бирото за јавни набавки. Ќе се одговара некогаш во законски рамки. Дајте да направиме амбиент да се стесни просторот за манипулација, без разлика кој е на власт. Да се стесни просторот. Ние сме, по се изгледа, мајстори за изигрување на законски форми и решенија и постојано бараме некои скратени или искривени патишта како да ја изиграме јавноста и да се пристапи кон криминални дејствија.

Вториот дел на амандманот е токму она кое што ви го реков. Значи, и со 20% јас ви кажувам од лично искуство, немало дека се злоупотребува. Па сега, му дозволувате уште поширока рамка до 30% вредност. На пример едно училиште во владините програми, погледнете ги владините програми за санација на училиштата за основно образование и за санација на училиштата за средно образование. Вредноста им е по 140-тина милијони за основно образование и 140-тина милиони за средно образование.

Погледенте ги само позициите за одредени објекти кои што се. Станува збор од 10 до 15 милијони денари. Не е мала сума за некоја фирма која што не поседува некои спецификации при учество на тендерот, ниту има некои инструменти тоа да се провери. Зависи од периодите. Во некои периоди ќе има среќа институцијата кога градежните фирми немаат многу работа и со докажан квалитет и бонитет ќе пристапат и кон овие ситни работи за нив. Но во најчест случај, станува збор за човек фирми и ние сме имале

лоши негативни искуства. Од оваа говорница сум поставувал пратенички прашања, се влечело, три влади се смениле, не може да се разреши чворот наречен Евронационал - Охрид, средствата од Телекомот кои што биле предвидени за санација, само заради неправилно читање на Законот за јавни набавки и злоупотреба, без да се обинат институции или поединци, едноставно заради непрецизните законски одредби, биле давани аванси, биле пробивани роковите со анекси на договори, па сега му давате и 30% рамка дополнително.

Мислам дека треба повторно да се размисли, најдобронамерно, опозицијата нема никаква корист од ова. Или некои поени да се извлечат. Едноставно, дискутираме затоа што се има искуство во тој дел. И оние кои што се од позицијата имале искуство во раководење со одредени институции, или имале прилика да ги потпишуваат и да вршат избор, прашајте ги. Ќе видите дека горчливо е исксутвото, постојано владее страв дека нешто можеби не е во ред. Немате време вие да контролирате секако поединец. Од тие причин Бирото треба, е специјализирано за тие работи и треба да биде во испомош на институциите кои што го спроведуваат тендерот.

Не знам дали постои можност, заменик министерот дали има овластувања, повторно ете во консултација со директорот за Бирото за јавни набавки, размислете најдобронамерен е предлогот, размислите што всушност се нуди. Знаете некогаш бегло поминувате, нема внимание, заморот е присутен во оваа сала, и кога опозицијата нешто предлага и зборува ам блок воопшто се исклучуваме, ај нека си зборуват, тие сакаат само да се пролонгира времето за донесување, да не биде успешно. Размислете за ова решение. Ќе видите дека е најдобронамерно и дека е во функција на стеснување на просторот за можен криминал. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам коелега.

Има збор пратеник, господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Дискутирав и сабајлето, и реков како одговорна опозиција ќе укажеме на сите дубијози што ги има овој закон. И ова е според мене, се бори за прво место заедно со непосредната спогодба за електрична енергија што оваа Влада ќе ја направи до крајот на оваа година, што сака со овој закон да го протурка. Тука е мртва трка меѓу овој член и членот за непосредна набавка на електрична енергија. Зошто сметам дека оваа водечки се бори за првото место за отворањето на можност за корупција. Затоа што Владата со своето однесување го практикуваше, практично оовј член и досега. Имено, тендерот за набавка на компјутери, кои што по денешното интервју на премиерот Груевски, самиот потврдува дека компјутерите сеуште се наоѓаат во пристаништето во Сп;ун. Потврдува дека лажел дека на 1 септември ќе има 100 илјади компјутери во школите. Овој член ќе и овозможи на Владата да го доплати износот што и фали во однос на прворангираниот, прекршувајќи го Законот за јавни набавки да распише тендер за јавни набавки, без претходно да има обезбедено средства.

Овој амандман од моите коелги Николов, Филипова и Цветковска се обидува да запре барем едно, или да затвори барем еден од корумпираните капиџици што ги остава оваа Влада со овој закон за јавни набавки.

Имено во досегашниот Закон постапката за набавка со преговарање, да потсетам дека Законот за јавни набавки што е од 30 март 2004 година ги има поминато сите експертизи и позитивни оценки од Европската комисија и од Светската банка кој што беше изработуван и во заедничка координација со нив.

Имено, во тој Закон не псотоеше шанса постапката за јавни набавки со преговарање оди без согласност од Бирото. Наместо, ние да одиме на зајакнување на капацитетот на Бирото, со тоа што не само СДСМ, гледам дека и Транспарентност Македонија го кажува . Не да одиме на зајакнување на независноста на Бирото, Владата, бидејќи смета Бирото ја елиминира од многу ингеренции што ги имала порано, што ги имала со Закон дадени порано и наместо да оди кон изградба и воспоставување на институционално независно тело за Биро за јавни набавки и му приграбува, за жал, му приграбува и голем дел од ингеренциите што ги имал и со претходниот Закон од март 2004 година.

Европската комисија од нас бара и тоа ќе го пишува веројатно во Извештајот, до колку во Сител не го извбришат во меѓувреме тој член. Тој никогаш нема да го објават. Но, ќе го читаме тука во Собранието во среда. Посебно се критикува системот на јавни набавки и трошењето на државните пари.

Затоа, Владата на Република Македонија, не сакам да зборувам за партија, Владата на Република Македонија на средбите со заедничките комитети со Европската комисија која го дефинира европското партнерство, се обврзала да направи од Бирото независна институција и тоа си го навела во среднорочни приоритети. А вократкорочни да го зајакне капацитетот на Бирото. И наместо, да работиме на тоа што го бара од нас Европа, ние со закон што им биле дадени ингеренции и им ги одземаме плус, односно што ќе рече Веле Самак појма немам Собранието што прави, тоа Уставниот суд да се сменат, бидејќи човекот треба да си троши како што сака и што сака да прави во државава и не може никој него да го контролира, бидејќи дошол од Америка и мисли дека ќе троши овде како сака. И затоа Бирото за јавни набавки на ова има дадено мислење во изминатиот период. Сегашниот директор,мислам дека работеше и тогаш во Бирото ќе му помогне на заменик министерот да му каже дека 20-те% се

однесуваат со писмо до сите институции само за градежни работи, бидејќи тие не можат да се предвидат во процесот на градење, на реконструкција. Еве сега куполи ќе ни стават во Собранието. Не можат да се предвидат тие активности и Бирото за јавни набавки со писмо им укажува на државните институции дека единствено само за градежни работи тоа може да важи. Вака кога ќе важи со 30% за се, на тендер од 100 илјади компјутери, со 500 евра некоја цена, 30% разликата ќе биде, односно во 30% ќе влезат сите набавувачи по понудата. Тогаш кој ќе рече дека, однсоно кој ќе гарантира дека тендерот бил спроведен според постапката.

Значи, го елиминираме Бирото да не ја контролира Владата што ќе прави и покрај тоа што не го формираме како независно, повторно ни смета и плус дозволуваме 30%дополнителни, со анекс договор средства, кои што било кој тендер, ќе се согласите дека сите понуди се во рамки на тие 30%. Јас реков градежните работи можат да се сфатат. Ќе се согласам со дел од тоа господинот Герамитчиоски што кажуваше и 20% е многу. Но има работи, еве на пример Владата не гради во летно време, не гради во пролет, не гради во лето како целиот нормален свет, туку тие ќе почнат да градат кога ќе почне снег да паѓа, бидејки така е по проекцијата. На Ставрески почна да му паѓа рејтингот, ајде сега ќе го пуштиме на шест места нешто да отвори и да направи. Кој гради во ноември месец. Сега да не кажам некој тежок збор, кој почнува да гради во ноември. Пушти пат, па асфалтот ќе го ставаме во 2010 година или 2009, тогаш кога ќе оцени премиерот дека треба да има избори во Република Македонија. Затоа, кога ќе почнете да градите, кога не знаете како ќе ви се одвива тоа, бидејки асфалтот не можат да го стават сега, па ќе поскапи цената, нормално е Владата за тоа да направи анекс договор , за градежни работи или за куполите ќе се занесе некој во Собранието, кој знае горе што ќе ни направи, а ние да додадеме нешто. Ама за било кој тендер тоа не може да важи, бидејки, веројатно, не постои тендер во кој што разликата на понудувачите, не е во рамки на тие 30%.

Затоа, мислам дека ова е топ коруптивен член, што оваа Влада го има измислено и затоа немаме мислење од Европската комисија што го бааме седми или осми ден овде во Собранието. Затоа во Извештајот на Европската комисија ќе пишува дека има проблем со јавните набавки. Се додека не направиме независно тело, во кој што тоа ќе го известуваме, а тоа на веб страната ќе ги става и тие за 500 евра месечно што Владата сака да ги стави, а не над 20 илјади евра што не сака да ги објави сега Владата на веб страницата. Тогаш ќе можеме да зборуваме дека сме ги псотигнале како Собрание, или како Влада во предлогот механизмите за ограничување на можните злоупотреби. Тоа е нашата задача, а не да им даваме отворена врата да го легализираме она што Владата во овој момент го прави.

Значи, овој член е измислен за многу работи. Пред се, за тендерот за компјутери, за 100 илјади компјутери да ги надохнади финансиските дупки што псотојат и да си направи еден простор во кој што сите, јас ве уверувам дека сите тендери ќе завршуваат на овој ист начин. Согласно понудениот закон, градежните работи ќе ги прави Министерството за транспорт и врски, Миле Јанакиески како познат неимар во последно време, тој после ќе му даде извештај на Трајко Славески, ало, каде тоа. Значи, мора да има институција која ќе се грижи за тоа, па макар и Бирото за јавни набавки во рамки на Министерството за финансии, бидејки има таму луѓе што си ја знаат работата, а не да одиме она што го бара Европската комисија од нас, како што е ред на независна институција, каква што по говорењето и на самиот сегашен директор во еден дневен весник, тоа го читавме неколку пати, во регионот и Бирото за јавни набавки е независна институција, цитирам, само на тој начин ќе покажеме дека сме спремни да поработиме транспарентно и да се бориме против корупцијата. А не како во овој момент да имаме десет кампањи да не знаеме кој каде и како се трошат парите на граѓаните, а пак за милион долари што ова парламентарно мнозинство се реши да му ги поклони на четири луѓе, да ги обвинуваме дека Уставниот суд е виновен, па Собранието си гласало такво нешто. Мислам дека овој најкорумпиран член во Законот за јавни набавки мора да се спречи, дека овој амандман предложен од моите колеги од пратеничката група на СДСМ е минимален обид да се стваат граници. Не толку со процентите, туку согласноста од Бирото за јавни набавки која со сегашниот Закон е дадена со членот 66 од постоечкиот Закон од 30 март 2004 година.

Веројатно, не треба да ја потсетувам Владата дека самата во европското партнерство во стратегијата за усогласување на националното право има напишано и тој закон е потврден дека е во ред и дека е усогласен во тој момент со европските директиви.

За жал, Владата се реши надвор од препораките, надвор од декларативната борба што ја демонстрира само со спотови, веќе престанаа и да се појавуваат на прес конференции, што не е лошо. Се решава за еден апсолутно, корумпиран член, кој што здравје боже, ќе бидеме сведоци, ќе направи масовни решенија за сите тендери. Ве уверувам дека ќе бидат по член 99 став 2 , или во својата завршница ќе имаат по член 99 став 2.

Наша задача, како опозиција, тука нема да се согласам со господинот Герамитчиоски дека зборуваме за џабе, напротив, зборуваме за да го спречиме обидот Владата да си отвори шест финансиски коруптивни капиџици со помош на овој закон, надвор од препораките, надвор од постоечкиот Закон за јавни набавки. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник годспоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Јас би сакала да додадам збор два околу овој амандман, со оглед на тоа што се работи за еден до двата клучни амандмани, заради кои впрочем и оваа Влада пред Собранието донесе Предлог, нов Предлог на закон з јавни набавки. Нашиот став е јасен и дециден, СДСМ смета дека договорниот орган кога ќе спроведува постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, мора за тоа да добие претходна согласност од Бирото за јавни набавки. Цело време со наши амандмани се обидуваме да обезбедиме на Бирото за јавни набавки колкава толкава независност, независност како регулаторно тело, бидејќи сите знаеме дека сива зона, генератор на корупцијата во Република Македонија е токму системот на јавни набавки.

Да потсетам на краткиот историјат како дојде впрочем до тоа Владата да понуди пред нас сосема нов закон за јавни набавки. Прво се одеше со варијанта да се направат измени и дополнувања на постојниот Закон за јавни набавки до 2005 година, и тоа, да потсетам, беше оној прочуен период, кога прво фамозно дело што го направи тогаш новиот министер за финансии господинот Славески со набавка на 20 илјади тони мазут со непосредна спогодба.Претпоставувам дека откако тоа се направи требаше да има каква таква законска поддршка. Но кога видовте и наидовте на ѕид, сериозни обвинувања од страна на опозицијата, и ние сериозно сметаме дека тоа е еден од нашите успеси, го повлековте, се разбира со поддршка на претседателот на Собранието се калкулираше со закажувањето на седницата се додека оваа Влада не се обиде повторно пред нас да го понуди својот нов закон за јавни набавки.

Да потсетам, она што медиумите го јавуваа тогаш дека новиот Предлог на закон за јавни набавки и оваа Влада го изготви без консултации со Светската банка, иако постојниот закон од 2005 година беше направен токму по препорака на банката и беше единствен услов заради кој го добивме првиот критериум ПЛ заем во висина од 30 милиони долари. Се разбира, експертите од Светската банка во изминатиот период работеа на студија за финансиски менаџмент и јавни набавки што требаше да биде основа за подобрување на регулативата, но за жал, Владата ги претекна со свој нов закон.

Ќе цитирам изјава од претставниците на Светската банка во врска со предлог новиот закон за јавни набавки. Велат за законот дознале од медиумите, не го виделе и не го разгледале, па ветија дека нивен коментар ќе следи откако ќе го видат. Светската банка инаку вообичаено, по две години имплементација на законот за јавните набавки, потроши свое драгоцено време за изработка на студијата што требаше да служи како своевидна препорака за натамошно подобрување на законската регулатива.

Многу е интересно и однесувањето на вицепремиерот за економски прашања господинот Ставрески, кој го предводи владиниот тим за преговори со меѓународните институции меѓу кои спаѓа и Светската банка, тој одби да коментира новинарско прашање зошто за Законот за јавни набавки не била консултирана Светскта банка. Знаете што препорачаа од кабинетот на Ставрески? Дозволете со свои зборови да објаснам. Тие препорачаа одговорот зошто Владата на Груевски нуди нов закон за јавни набавки без консултација со Светската банка, тие упатија одговорот да се бара од кабинетот на министерот за финансии, господинот Славески. Затекнати вработените во Министерството за финансии велат дека овој закон бил целосно согласно директивите на Европската унија. Не е така, никаде во европските закони нема да најдете вака сериозна општествена област каде што не е обезбеден независен регулатор, буквално никаде, заради тоа вашиот Предлог-закон нема маркица на закони од Европска унија. Законот од 2005 година што веќе е во сила го имаше тоа маркиче.

Господине заменик министер, повторно ќе го одмолчите ова бидејќи станува збор за сериозен недостаток на аргументи, мислејќи дека доволно ви е поддршката што ја имате од Владиното мнозинство за да помине и да го протуркате овој закон.

Според добро упатените, до сега било практика да се информира Светската банка за сите проекти што се дел од аранжманот што се поддржува со средства директно од Вашингтон, меѓу кои и постојниот Закон за јавни набавки, без оглед дали постои или не обврска. Како причинма наведуваат дека токму Светската банка, заедно, во соработка со ММФ, го крои извештајот за економски перформанси на Македонија за влез во Европската унија. За два-три дена ќе ги видиме и мислењата на Европската комисија, претпоставувам и во делот на имплементација, односно понудата на оваа Влада за нова законска регулатива во областа на јавните набавки. Експертите се согласуваат за тоа дека приоритет за Владата треба да биде усогласувањето со европските директиви, но потенцираат дека мора да се внимава на одредени специфики што не може да се поистоветат со условите од земјите на Европската унија.

Конкретно за вториот став што бараме да се измени со нашиот амандман, наместо вкупната вредност на дополнителните работи или услуги да надминува 30%, а не 20% како што е веше во постојниот Закон, јас морам да кажам дека во кореспондентската табела согласно европските директиви овој процент изнесува до 50%. Но да не заборавиме станува збор за земји од Европската унија, каде што со овој член се обиделе да дефинираат исклучок од правилото. За жал, Владата на господинот Груевски токму со овој член сака да дефинира и законски да вметне правило, и токму ова ќе биде генераторот за сите идјни корупциски скандали што ќе бидат буквално аминувани со овој Предлог на закон.

Затоа, сметаме дека ќе биде најдобро да остане процентот од 20%, вкупната вредност на дополнителните работи и услуги да не го надминува овој процент.

Во текот на Мај месец Центрарот за граѓански комуникаци за намалување на корупцијата во Македонија предложи 40 мерки за подобрување на системот за јавни набавки во Република Македонија. Оваа невладина организација предлагаше измени токму во начинот на работата на Бирото за јавни набавки, сметајќи дека треба да се воведе независен ситем на мониторинг на јавните набавки, односно систем на заштита на сведоците што пријавуват корупции при јавните набавки, само со цел да се намали можноста за коруптивни однесувања. Тие одат и уште понатаму, дадоа предлог и Второстепената комисија што одлучува по жалбите за јавни набавки при Владата да прерасне во самостоен орган кој ќе го избира Собранието, при што члновите предлагаат да имаат мандат од пет години и навистина да им се обезбеди незабвисна регулациона функција. До колку ги прифатевте сугесиите што доаѓаат од невладините организации кои ја третираат областа - котупцијата во системот на јавни набавки, немаше пред нас да го стокмите вака како што го стокмивте токму овој закон. Членот 99 од вашиот Предлог-закон за јавни набавки е скандалозен и вие повторно можете да го одмолчите. Вие повторно нема да дадете свој коментар, но ќе ги бараме коментарите во вид на отчет не само од министерот за финансии, туку и оној што го предложил министерот за финансии, а тоа е господинот мандатар Никола Груевски, бидејќи под превезот на најголем борец против корупцијата во Република Македонија, кои многу добро беа опишани во портокаловата приказна во 101 чекор, изјави дека целосната транспарентност во процесот на јавните набавки преку електронско објавување на конкурс, имиња и фирми победници, и жалбите и решенијата по нив, ќе ги апсолвира и заврши на 30 септември 2006 година, отиде понатаму, на крајот од 2007 година сака да протурка донесување на закон, скандалозен закон во кој за прв пат големите корупциски зделки ќе бидат за жал легални рамки. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Повеќе пратеници влегуваат во салата).

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни 62 пратеника, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 57 пратеници, од нив 8 пратеници гласаа за , 1 воздржано и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 100 став 1 алинеја 1 и за бришење на алинеја 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот се однесува на членот 100 во кој бараме зголемениот износ од 5.000 евра да се врати на 3.000 евра, кој и постоеше во сегашниот Закон за јавни набавки од март 2004 година и да се избрише втората алинеја која без објавување на оглас, проценетата вредност на договорот ако е до 20 илјади евра, или пак веројатно на градежните работи до 50 илјади евра, да може да се изврши без објавување на оглас, тоа е првото, а со прибирање на три понуди за втората варијанта.

Имено, ако погледнете во кореcподентната табела што е дадена заедно со законот, членот 100 не е обработен, затоа што таква препроака и нема. Никој не укажува на тоа дека за да постигнеме ефикасност во трошењето на капиталните инвестиции, треба да го зголемите износот од 3.000 на 5.000 евра. Имам еден преглед до јуни месец што го имавме од министерствата, ситуацијата не е променета ни за влакно, има многу министерства и тоа многу важни министерства кои што нема да постигнат трошење, реализирање на капиталните инвестиции, реализација на Буџетот од други причини, а најмалку од тоа да се зголеми непосредната спогодба од 3.000 на 5.000 евра без ДДВ, кој ќе ја зголеми цената на оваа набавка. Затоа го нема мислењето од Европската комисија, бидејќи никаде нема да најдеме ваква препорака, никаде нема да најдеме препорака во која се дава можност на министрите да можат за 500 евра месечно без обврска да набавуваат или пак 5.000 евра плус ДДВ без објавување на оглас. Денес кога цената на многу производи е дискутабилна, Владата и министрите комплетно да си реализираат некои свои замисли со помош на овој член.

И овој е еден од тие шесте члена кои што укажува дека Владата наместо да се бори, обидува да ги спроведе препораките од Европската комисија, си додава работи кои што не ги бара никој од нив, а тоа е дека непосредната спогодба си ја зголемува од 3 на 5 илјади евра без вклучен ДДВ и да не се чудиме зошто во извештајот на Европската комисија во среда ќе

прочитаме дека има критики на реализацијата на Законот за јавни набавки и трошењето на буџетските средства.

За жал, и втората алинеја останува како предлог од Владата бидејќи не сака да го прифати амандманот, со прибирање на три понуди да можеме да си ангажираме консултант за 19.999 евра и тоа никој да не го разбере или пак да ангажираме хотелски услуги исто за 19,999 евра. Со неприфаќањето на овој амандман, само се потврдува дека на Владата не и е приоритет усогласувањето на овој закон со директивите и препораките од Европската унија, со задачите што си ги дава самата во Националната програма за усогласување со европското законодавство, бидејќи никаде не презела ваква обврска, ниту некој тоа го бара од нас, туку се обидува да реши нешто кое што не се поправа ни со ова да се зголеми непосредната спогодба од 3 на 5 илјади евра без вклучен ДДВ. Реализацијата на трошењето на Буџетот на оваа Влада на овие министри ќе биде катастрофална, ќе биде еднаква на, односно ќе се движи замислете кај некои министерства од 0 до 5% ако стигнеме ќе биде добро. Дури во Министерството за одбрана каде што се бориме за во делот за приклучување кон НАТО реализацијата на Буџетот е на катастрофално ниско ниво. Затоа, можеме да плаќаме или може Владата да плаќа скапи кампањи, може да застрашува преку тие кампањи, ама се додека не се исполнат барањата што ги има за нас како држава Европската комисија, а самата Влада ги превзела, не можеме да очекуваме да одиме напред. Ние можеме да го читаме и позитивно и негативно како сакаме, но во извештајот ќе стои негативна оценка за трошењето на буџетските средства, бидејќи никој не знае тие кампањи колку чинат, бидејќи Владата си одбира да си ја зголеми односно да си го избере непосредното спогодување како техника која ќе ја користи во иднина, а за тоа сметаат дека полесно ќе го направи ако ја заврши работата со зголемување на непосредната спогодба од 3 на 5 илјади евра.

На овој начин само ќе се отвораат дилеми во јавноста, само ќе се отвораат примери во кои што некоја блиска фирма или фирма која што е формирана сега, два три дена да речеме како што тоа Миле Јанакиевски експерт го прави, да се формира фирмата пет дена пред одржувањето на јавната набавка, или јавното наддавање и потоа да се чудиме што ќе ни се случи после тоа. Исто така, членот 100 спаѓа во оние 6 најкорумпирани членови што оваа Влада ги прави. За членот 100 нема усогласување во кореспондентната табела и бидејќи никој тоа не го бара од нас, единствено Владата да си реализира она што и досега го правела, си избира ваков член да стави и непосредната спогодба без објавување на оглас од три да ја зголеми на 5 илјади евра без вклучен ДДВ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

За реплика се јави господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас обично не говорам по закони за кои што се одговорни Министерството за финансии и Министерството за економија и не се сметам доволно експерт за овие прашања, но сакам да искоментирам само една работа која што ја спомна колегата, не навлегувајќи во другите аспекти во неговиот говор, а тоа е по однос на реализацијата за капитални трошоци односно капитални расходи на министерствата. Дел од она што го кажа е вистина, иако процентот не е толку драматичен како што беше спомнато, затоа што годината се уште не е завршена и веројатно ќе имаме поинакви бројки на крајот на годината, но она што е факт и што се однесува на законот е дека една од причините поради која што имаме таква ситуација односно имаме таква аномалија е тоа што овој закон, постојан закон за јавни набавки е еден од причините за тоа да се случува. Многу едноставна причина што аномалиите кои што овој закон ги има доведувано до тоа да има долги процедури, да има долги тендерски постапки, да има долги жалбени постапки, што прави да не можат голем дел од проектите да се реализиаат, да не можат голем дел од тендерите да се реализираат и да почнат после тоа со реализација, што и закочи дел од проектите, што е факт. Така што, тие утврдени аномалии преточени преку овој закон треба да овозможат поголема слобода и поголема ефикасност на министерствата за да можат да ги прават овие капитални расходи односно капитални трошоци и со тоа да постигнат двоен ефект. Прво, да се реализираат проектите кои што треба да ги прави државата и второ тоа ќе значи многу повеќе пари во јавниот сектор и стимулирање на економијата. Ќе повторам дека на останатите делови на говорот нема да се осврнам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски.

Контрареплика има господинот Јани Макрадули.

Повелете.

**Јани Макрадули:** Јас мислев дека само Самак се бори да не се почитуваат законите во Република Македонија, а сега испадна и дека почитуваниот колега Николовски се бори за тоа. Па, најдобро е да го укинеме Законот за јавни набавки и јас верувам дека стопостотна ќе беше реализацијата на капиталните расходи по министерствата. Одредени министерства до први јули, информација што ја добивме званично како пратеничко прашање, имаат расход од трошење 0%. Јас се референцирав на тој извештај од Владата. Најдобро е да го укинеме законот и тогаш да си набавуваме како сакаме. Ова не се однесува на роковите. За роковите не поднесовме во тој дел амандмани, но за зголемување на непосредната спогодба поднесуваме амандман, бидејќи со тоа не се решава она што е проблем

на министерствата, а тоа е што не знаат да ги планираат трошоците што треба да ги направат и што е задачата на одредено Министерство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Збор има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Значи да го искористам ова обраќање, не е се проблем, висината на средствата или она кое што во досегашните законски рамки ги отежнуваше реализацијата на капиталните инвестиции.

Почитуван колега, ако малку поразговарате со вашите министри ќе видите дека сите се жалат на роковите кои што се дефинирани во Законот за јавни набавки, дека се предолги и дека особено потребата законска од распишување на меѓународен тендер се соочуваат со големи проблеми, но не е ни тоа проблем, верувајте проблемот е недостиг на капацитетите во јавната администрација или дополнителна едукација на кадарот на административниот апарат кој што треба да ја припреми тендерската постапка или најповеќе онаа слабост која постојано ја посочуваме при носење на Буџет или ребаланс на Буџет, дека треба да се едуцира и како капка во дланка да се чува, да се негува кадарот кој може да изврши правилни финансиски планови за реализација на одредени инвестиции и да создаде една реална динамика за трошење на средствата. Ако овој член на законот се чита, тогаш можам да констатирам дека навистина не сме на добра патека во подобрување на состојбите во овој домен во делот на јавните набавки. Имено, да парафразирам, значи, две одредби се клучни. Едната е до 5 илјади евра, значи за јавноста да парафразирам со поедноставни зборови. Нарачувачот сака да реализира една ставка на Буџетот во која што парите му стојат. До 5 илјади евра без ДДВ, значи до 6.800 евра може да повика тројца пријатели без некому да даде отчет, само треба да имаат регистрирано фирми и да им каже понудете вие до таа висина на средства, а за таа висина на средства може да се купи малолитражен автомобил. Значи, не се мали суми на пари и може да се прибави едно основно средство и во тој ранг на сите понудувачи, богами да се земе добра провизија. Значи, или да се прикаже уште полошо дека јавната набавка е извршена, а не е извршена и тие средства во целост да се пренаменат во друга намена. Тоа е во алинејата 1 на ставот 1 во членот 100. Ние предлагаме тоа да се врати до 3 илјади евра. Значи, сепак постојат такви активности во институциите во кои што е бесмислено за такви ситни поправки на не знам на факс машините, или на одржување на системите на греење, дека треба за некоја услуга во толку ситен обем да се прави тендер.

Но, верувајте тоа е некоја граница треба да се опипа. Искуствата кажаа дека и границата до 3 илјади евра е дискутабилна за можна злоупотреба, а 5 илјади евра да не се повторувам во претходната дискусија во претходниот член само им давате поголеми рамки, но за мене е уште подискутабилна алинејата 2 од овој член. Значи до 20 илјади евра без вклучен ДДВ да се распишува оглас на сајтот на Бирото за јавни набавки. Навистина проблематично решение. Затоа со нашиот амандман ние предлагаме таа алинеја воопшто да не постои, да се брише. Бидејќи не знам од каде да почнам во реалната имплементација и на досегашните законски решенија. Ви кажувам непристрасно. Отворате море на проблеми, отворате Пандорина кутија во која што навистина се можни разни малверзации. Жал ми е што во овој дел една многу дискутабилна формулација во ставот 2 стои, а не е опфатена, вели, при спроведување на постапката со барање за прибирање понуди соодветно се применуваат одредбите од овој закон освен ако не е поинаку уредено во овој дел. Па се е поинаку уредено во овој дел мимо законот. Значи вие правникот секоја чест кој што го формулирал овој дел. Законски заштитува нешто кое што законот не го предвидува. Мислам дека постои потполно отстапување од основните решенија од Законот за јавни набавки. Дека само со неколку члена се вулгаризира самата смисла на постоењето на законот, самата смисла на воведување на ред во делот на најможни коруптивни зделки. Самата смисла на потребата на планирање на средствата од дефинирање на динамика и реализација на таа динамика и се би било во ред доколку се испочитуваа овие рокови. Не отворивме ние прашање за проблемот на роковите, она кое што сегашните министри во Владата и во официјални и во неофицијални разговори, верувам дека постојано се бунат и до Бирото за јавни набавки вршат притисоци стално да се оди по скратена постпака. Да резимирам, не знам дали ќе се прифати амандманот, претпоставувам дека мнозинството ќе го направи тоа што го прави секогаш она што доаѓа од страна на опозицијата анблок да се отфрли. Времето ќе покаже дали сме биле во право или не. Ние пак може да си отвораме нови афери, да читаме од овие места, значи, кои што припаѓаат на опозицијата закон кој ќе се примени за злоупотреба на овој член кој што ќе се случува перманентно и постојано, но кој ќе биде во негатива, граѓаните во Република Македонија кои што ќе ги губат средствата од Буџетот без да се има увид како се губени. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Збор има господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе.

Со оглед на тоа што и моите колеги претходно доста зборуваа околу оваа одредба од законот, ќе бидам многу краток. Значи, со овој закон Владата предлага да имате можност да набавувате стоки и услуги без да објавите оглас до 5 илјади евра. Постојното законско решение 3 илјади евра значи

ви останува простор, разлика од 2 илјади евра во кој што вие без да објавите јавнен оглас или да објавите тендер имате право врз основа на три понуди да одберете одреден добавувач за одредена стока или услуга. Ако трите понуди за оние кои што знаат или имаат искуство како се вршат овие набавки се многу едноставни и тука најголемите можности за договарање на работата во четири очи постои. Ќе земете еден на кој што сакате да му доделите стока или услуга да набави за 5 илјади евра и ќе речете уште на двајца да доставаат формално понуди кои што нема да бидат конкурентни на оној на кој што сакате да го изберете и на тој ќе му го доделите договорот. И сега таа се зголемува за 2 илјади евра. Во еден член во законот имаше простор до 500 евра месечно врз основа на сметко-потврда да се набавува, тоа се 6 илјади евра годишно. И овие 5 илјади евра, 11 илјади евра во рамките на некоја институција некој ќе може да одлучува без некого да праша, без некој да го контролира и без некој на некого да му поднесе извештај зошто е тој одбран. Е сега,ако помножеме, колку државни институции има, дека сите се под контрола на власта може секој од нас да пресмета за колкави суми се работи на кој што вие можете да ги трошите без да одговарате никому.

Втората алинеја е кога се предвидува објавување на оглас, но внимавајте оглас само на веб-страната на Бирото за јавни набавки, без некои посебни критериуми, докажување, способност, минимални итн, 120 илјади евра за набавка на стоки и услуги и на работи до 50 илјади евра можете на ваков начин да ги извршите. Доста време потрошивме на овој закон и доста време веројатно ќе потрошиме уште доста. Вакви членови не создаваат амбиент во кои што државата ќе се покаже како транспарентен партнер при објавувањето на јавните набавки, а исто така и при трошењето на парите на граѓаните. Вакви одредби во законот кои што на крајот на краиштата ниту се доволно објаснети како што зборуваше колегата Тале Герамитчиоски со одредби од типот, освен ако не е поинаку утврдено во овој дел кој што никој не може да ги искоментира или да ги објасни, навистина Владата си остава простор за нетранспарентно, неекономично злоупотребување на парите на граѓаните. Жал ми е што за време на цела оваа дебата, колегите од владеачкото мнозинство кога влегуваат само за гласање може слушаат на мониторите може не, поголемиот дел кога дискутираме не се присутни во салата. Со нив не можеме да развиеме дебата. Исто и со заменикот минстер. А носиме закон кој што кажавме опфаќа многу, многу пари на граѓаните на Република Македонија за стотици милиони евра се работи.

Вакви членови, вакви одредби, навистина не знам кој има корист? Има корист само владеачкото мнозинство и фирмите блиски до нив. Никој друг. Ниту граѓаните ќе добијат поквалитетни услуги и стоки со овој закон, едноставно Владата, или министерствата, буџетските корисници ќе можат парите да ги трошат без отчет. Затоа ги овикувам колегите оние што се во салата и што слушаат на мониторите да го прифатат овој амандман. Да скратиме барем една можност за злоупотреба на парите. Во спротивно законот навистина ќе биде како да нема закон, ќе бие само формално покритие за работи кои што секој ќе си ги прави како што сака во делот на јавните набавки, ниту ќе го натераат некој буџетски корисник на време да ги планира потребите за наредната година, ниту на време да распише тендери, па ќе се вадат дека законот бил лош, многу долги рокови имал, ниту ќе се набават квалитетни стоки и материјали и работи.

Ги повкувам колегите да дадат поддршка на амандманот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Збор има госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

За жал, однесувањето на колегите од мнозинството и во однос на овој закон за јавни набавки покажува дека тие едноставно се помириле со својата улога на извршен орган на Владата, а не обратно онака како што треба да биде согласно Уставот, Владата да биде извршен орган на Парламентот, бидејќи претставниците на Владата, членовите на Владата се избираат во Парламентот. Ако го земеме во предвид фактот дека Буџетот на Република Македонија се носи во Собранието на Република Македонија и дека Владата, односно Собранието врши надзор над работата на Собранието, сметам дека една од поголемите обврски на нас пратениците е навистина да бидеме заинтересирани за начинот на кој што се трошат тие финансиски средства што се предвидени во буџетот, а секако тоа може да го оствариме доколку надзорот се остварува онака како што предвидува и Уствот и законите. Но, за жал, кога отсуствува оваа уставна и законска обврска, односно кога има отсуство на исполнувањето на оваа обврска од страна на пратениците од мнозинството, се соочуваме со една сосема поинаква ситуација за која што деновиве сите сме сведоци, барем во делот кога се дискутира за законот за јавни набавки по чиј текст имаме апсолутна некомуникација со колегите од мнозинството, па и со претставникот од Владата заради тоа што кај нив отсуствува желбата а и потребата прво да го проучат законот, а потоа и да заземат соодветен став за да можеме да зборуваме за закон кој во пракса навистина ќе значи правилно трошење на финансиските средства предвидени во Буџетот врз основа на програми за кои што претходно се направени соодветни анализи за да можеме да зборуваме за законитост во овие постапки. И како што, еве повеќе пати повторуваме, овој закон навистина, не знам, доколку барем ако така оди постапката се дојде до крајот кој ќе значи минимум број на амандмани од опозицијата да бидат прифатени, мислам дека ако се донесе во формата како што е предвидена подобро е и

воопшто да не постои, бидејќи нема да има јавни набавки во Република Македонија. Едноставно нема да постојат, тендерски постапки нема да постојат. Сето останато што значи јавна набавка ќе се остварува преку овие алтернативи што се даваат во Законот преку исклучоците кои ќе станат правило.

Конкретно, во однос на членот 100, значи кога станува збор за овој член за спроведување постапка со барање за прибирање на понуди, од една страна има зголемување на износот од досегашните 3000 евра до 5000 еврра што е за 2000 евра повеќе и во наши услови тоа не е мала сума. Меѓутоа, уште една можност, а тоа е со објаување на огласот на веб страната на Бирото за јавни набавки кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка на стоки и услуги е до 20 илјади евра во денарска противвредност, а на работи до 50 илјади евра. Да објаснам што е ова работи. Се мисли на она вообичаено во пракса што го користиме, договори на дело кога не може никој да ја изврши таа работа. Зошто овде се користи терминот работи, па сосема на некој друг начин може да дојде при толкувањето, или да се соочиме со разлики во толкувањето. Меѓутоа, така напишале овде од Министерството за финансии и од Владата. Значи, кога се работи за набавка на работи, тоа да биде во износ до 50 илјади евра. Меѓутоа, што е уште поспорно освен овие износи за мене? Не само што има зголемување од 3000 илјади на 5000 илјади евра и при набавка на стоки и услуги до 20 илјади евра и на работи до 50 илјади евра со објавување на оглас во Бирото за јавни набавки. Спорно е тоа што нема никакво ограничување за тоа колку пати може да се извршат вакви јавни набавки за одреден вид на стоки услуги и работи во текот на една година. Постојниот закон има ограничување дека овие набавки со прибирање на понуди кои што беа и до 3000 евра, значи само таа можност постоеше, може за одреден вид на стоки и услуги во текот на годината да се реализираат само еднаш, за да не дојде до злоупотреби.

Сега навистина би сакала од министерот за финансии, односно од заменик министерот за финансии кој е тука присутен, министерот немаме баш можност да го гледаме не знам кои се тие активности поважни што ги има од Парламентото. Но, тоа е негово право. Ако грешам, еве има можност заменик министерот да се произнесе дали на некое скриено место, или во скриени одредби, бидејќи така се направени формулациите буквално само со толкување да можеме да видиме што е тоа што се крие зад одредбите, да каже дали оваа можност ќе ја имаат како обврска, или како право корисниците на финансиските средства од Буџетот еднаш во текот на годината, или ова можат да го прават повеќе пати. И, колку може тоа да биде? Заради тоа што не е сеедно дали еднаш во годината правите набавка со прибирање на понуди во вредност од 5 илјади евра, или пак за исти такви набавки правите еднаш 5 илјади евра, па уште еднаш 5 илјади евра, па уште еднаш итн., со што само бројот се мултиплицира, а тоа значи дека ако реално набавката треба да изнесува поголема сума, тој што ја спроведува јавната набавка што е задолжен за примена на законот намерно ќе ги дели набавките на износ до пет илјади евра за да може со прибирање на понуди да ги реализира што во суштина ќе значи злоупотреба на законот. А да не зборуваме кога станува збор за стоки и услуги каде што износот е 20 илјади евра во денарска противредност, а на работи до 50 илјади евра во денарска противредност. Еве, да појаснам, ова е за граѓаните што не следат, дека набавката на работи преставаува изведување на активности на градење, или изведување градба, проектирање и изведување активности на градење, или проектирање и изведување на градба, или реализирање со било какви средства на градба кој одговара на барањата утврдени од одговорниот орган и која сама по себе исполнува одредена техничка и економска функција. А, оние што се набавка на стоки и услуги, мислам дека се веќе јасни за граѓаните што значи набавка на стока а што набавка на услуга. Навистина ова е еден своевиден парадокс кој можеби потпретседателе кај вас предизвикува насмевка, не знам колку вие овде во Собранието сте вклучени во постапките за јавни набавки. Но, треба да зборуваме за една законита постапка и за постапки што се многу значајни и кои треба да се остваруваат во точно предвидени принципи во законите**.** Меѓутоа, ако ние при донесување и изготвување на законите се однесуваме непринципиелно, тогаш за какви принципи зборуваме. Ќе имаме закон со кој што само може да мавтаме, дека еве, е донесен во Собранието на Република Македонија. Меѓутоа тој закон, зад тој закон ќе се кријат низа дубиози и низа тактики и трикови во самата постапка на изготвување и донесување на законот кој што треба да означи незаконито или нема да биде незаконито, не транспарентното и некоректно работење, фактички ќе биде озаконето со овој закон. Меѓутоа нема да значи финансиска дисциплина во работата на државните органи. А, ние како Парламент навистина треба да се грижиме за тоа, како се трошат финансиските средства предвидени во Буџетот.

Во однос на објаувањето на огласот за набавка на стоки и на услуги и на работи се предвидуваат тие да се објавуваат на веб страницата на Бирото за што треба да се плати надомест одредено 15 евра во денарска противвредност и предвидени се во членот 100 и рокови во кои што мора да се поднесат документите од моментот на испраќање барање до економските оператори тоа е осум дена и 14 дена од денот на објавување на огласот на веб страната на Бирото за јавни набавки.

Мислам дека сето ова што е предвидено навистина излегува од тоа што значи една постапка за јавна набавка која треба да внесе поголема финансиска дисциплина и напротив се создава можност за јакнење на тн., интерактивни работи кои што се спроведуваат помеѓу коалиционите партии, партиите на власта за да

остваруваат други цели а не оние кои што се предвидени како цели кои треба да се постигнат со остварување на овој закон. За жал, ова што ние денес го дебатираме кога ќе стане законска материја, ќе го почувствуваат граѓаните на Република Македонија, оние што на одреден начин се учесници во работата на економските оператори кои што ќе можат да доставуваат документи во тендерски постапки и тогаш граѓаните секој на различен начин, меѓутоа, соодветно на работата ќе ги почувствува последиците од овој закон, бидејќи нема да можат да дојдат до некоја тендерска постапка во која што според одредени однапред зацртани параметри ќе може да конкурираат без да има за тоа монополи и да бидат конкурентни и да добијат работа и од корисниците на финансиските средства предвидени во Буџетот. Тогаш, ќе бидат соочени и ќе дојдат само на веб страните објавување на веб страницата на Бирото за јанви набавки, прибирање на понуди, но прибирање на понуди од оние што се претходно подготвени да ги дадат тие понуди, или пак ќе дознаваат за барање за прибирање на понуди за набавки во вредност до 5000 евра и тогаш навистина ќе реагираат како граѓани. Меѓутоа, можностите за исправка ќе бидат многу мали, затоа што законот ќе биде веќе поминат во Парламентот и ќе биде дел од позитивното право во Република Македонија. Ова е последниот момент кога дебатираме по овој закон, колеги пратеници и оние што слушаат, но и оние што не слушаат, кога можеме ние да интервенираме, да ги кажеме своите забелешки и да овозможиме еднаков пристап до јавните набавки на сите економски оператори. Да не правиме дискриминација по различни основи, а најмалку по партиски како што е настојувањето на овој закон. Затоа ве повикувам да гласате за овој амандман.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Збор има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Несакајќи да се повторувам со претходните мои колеги, сакам само децидно да кажам дека со самиот факт дека претставникот на Владата по овој закон, а аналогно на тоа и парламентрното мнозинство го одбиваат овој амандман, дефакто признаваат дека во Република Македонија нема желба за борба против корупцијата, туку напротив во Република Македонија има желба за правење на корупција на законски начин единствено од власта. И не можам поинаку да го протолкувам одбивањето на овој амандман од страна на претставникот на Владата без никакво образложение, заради тоа што за да го направи таквиот чекор сигурно има некои аргументи кои што мора да ги застапува, а кои што ние како пратеници имаме право да ги знаеме. Меѓутоа, претставникот на Владата молчи и со тоа го аминува ваквото решение предложено во законот и практички ја аминува корупцијата која што овој член ќе овозможи да се реализира од страна на Владата. Меѓутоа, тоа не значи дека со тоа ќе се амнестираат одговорностите. Јас навистина сакам да слушнам зошто за премиерот Груевски, за Владата на ВМРО ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери е потребно, неопходно потребно во Законот за јавни набавки да може да се поведе постапка без објавување на оглас кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ е до 5000 евра во денарска противвредност, ако до скоро била до 3000 евра, без ДДВ. Зошто на Груевски на ВМРО ДПМНЕ им е потребно зголемување од 60% јавни набавки без објавување на оглас, ако не за злоупотреба на парите на граѓаните и за злоупотреба на средствата. Молкот не значи ништо друго туку одобрување на нашите тези. Затоа што се сеќавате дека во еден од претходните мандати пратениците од парламентарното мнозинство кое што исто така го предводеше ВМРО ДПМНЕ донесе закон со кој што му аминуваше продажба на тогашниот премиер Љубчо Георгиевски во соработка со тогашниот министер за финансии Никола Груевски со непосредна спогодба да се продаде ОКТА. И последиците до ден денеска ги чувствуваме. Меѓутоа, јас сум сигурна дека одговорноста која што некој ќе ја сноси за ОКТА и за многу други такви случаи исто така, ќе се рефлектира и на сите оние кои што го креирале ваквиот член на законот кои што ќе го изгласаат ваквиот закон и кои што ќе го применуваат ваквиот член на законот заради тоа што неминовно ова им ја отвора широко вратата на сите оние кои што сакаат да прават злоупотреба со јавните набавки. Јас воопшто немам дилема дека токму заради тоа министерот за финансии Трајко Славески денеска не дојде на седница., заради тоа што министерот за финансии господинот Славески како експерт сигурно знае што значи овој член и не сака да биде присутен за време на парламентарната дебата за да го брани ваквиот член во Законот за јавни набавки. Затоа, кога веќе заменик министерот прифатил да биде во улога на бранител на политиката на Владата очекувам да се јави и да каже, зошто за Владата е прифатливо волкаво зголемување на границата за спроведување на постпака за јавни набавки без објавување на конкурс. Кога речиси секојдневно слушаме само декларативно за тоа колку Владата се залага и се бори против корупцијата во сите институции на државата.

Меѓутоа, како што реков веќе немам дилеми, особено после изборот на претседателката на Комисијата за хартии од вредност дека сето ова што се случува во Република Македонија во име на борбата против корупцијата и организираниот криминал е само параван за да може група блиски луѓе до Груевски и ВМРО-ДПМНЕ непречено да ги рекетаираат фирмите, непречено да прават криминал под плаштот на привидот што го прават пред јавноста дека се најчестите и најголемите борци против организираниот криминал. Со ова паѓаат маските. Со овој член, со неприфаќањето на овој член паѓа дефинитивно маската или паравнот кој што ВМРО-ДПМНЕ го прави во

борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Доколку има искрена намера во борбата против корупцијата и организираниот криминал тогаш заменик министерот прво ќе дадеше образложение, сериозно образложение зошто за Владата не е прифатлив овој амандман, зошто Владата смета дека треба за 60% да ја зголеми горната граница за јавни набавки без објавување на оглас, зошто е тоа неопходно потребно, како тоа ќе се одрази за подобрување на ситуацијата и на функционирањето на системот меѓу граѓаните, зошто за Владата не е прифатливо да се брише одредбата со која што се предвидува да се објавува оглас кога проценетата вредност на договорот за јавни стоки и услуги е до 20 илјади евра, а се работи за 50 илјади евра без вклучен ДДВ. Значи, ние немаме во овој случај јасна претстава за политиката на Владата и на тој начин се отворени за дебата сите опции затоа што не е доволно само да кажете дека амандманот не се прифаќа. Во вакви случаи, кога имате вакви сериозни амандмани кои што тангираат вакви сензитивни прашања дозволите ама пратениците заслужуваат образложение, а вие сигурно ги имате. Имате обврска да го кажете. Ако го имате како што сега ни потврдувате кажете го за да ги спречите шпекулациите, наводните шпекулации кои што би можеле да произлезат со вашето немо одбивање на амандманот. Во спротивно, ќе кажам уште еднаш, одбивањето на овој амандман Владата дефинитивно признава дека не е за борба против организиран криминал и корупцијата, туку напротив ја аминува корупцијата и ги обезбедува сите услови на оние кои што се заинтересирани да прават коруптивни зделки преку јавните набавки. Со неприфаќањето на овој амандман Владата покажува дека поддржува корупција во јавните набавки. Во тоа не може никој да ме разубеди доколку заменик министерот за финансии, како што тврди дека има сериозно образложение не се јави да образложи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас госпоѓице Грковска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Во салата влегуваат некои пратеници)

Ги молам службите да ни доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Бидејќи во салата има 61 пратеник амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 61 пратеник, од нив 12 гласаа за, 1 воздржан и против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 115 став 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Овој амандман се однесува на Глава 6, околу рамковните спогодби. Со амандманот се предлага, во ставот 2 дека рамковна спогодба во други случаи, освен отворени или ограничена постапка, може да се склучи само доколку се добие согласност од Бирото за јавни набавки.

Во оваа глава има многу пропусти. Во членот 116 е дадено рамковната спогодба да може да важи до три години. На некој начин и со овој дел каде што има многу пропусти Владата овозможува да се врши незаконско трошење на парите. Но, бидејќи нема слух за расправа во Парламентот и бидејќи колегите пратеници малку седат во салата и ги слушаат аргументите, а навистина амандманите се суштински, едноставно ги повикувам да гласаат за амандманот и да овозможат каква-таква контрола и при воведувањето на рамковните спогодби.

Инаку, тоа е глава што досега не беше регулирана со постојниот закон и навистина требаше да се уреди. Но онака како е уредено во законот подобро да не ја пишувале, бидејќи три години некому однапред да дадете да ви набавува, а потоа надолу има членови кои се уште понејасни, кои не објаснуваат со прибирање на понуди, без прибирање на понуди да склучите договор, навистина е тешко да се објасни за јавноста.

Веројатно колегите, еве не ни сакаат да слушаат, едноставно ги повикувам да гласаат за амандманот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 61 пратеник, од нив 10 гласале за, двајца воздржани, против гласале 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 116 за бришење на став 4, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Решението дадено во овој член од Предлог на законов претставува, исто така, како и претходниот, усогласување со член 9, став 9 од Директивата на Европската унија број 18 од 2004 година, така што не може да се избрише овој став.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повлекуваме.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 119, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Очигледно дека вакви технички амандмани што ќе овозможат подобрување на законските решенија Владата не ги прифаќа и само покажува дека главната цел на овој закон е да имаме закон што ќе ги покрива незаконските трошоци и трошење на парите на граѓаните.

Овој амандман се однесува на делот каде е обработено поглавјето за електронската аукција ...

(Заменикот министер интервенира дека е тоа наредниот амандман)

Извинете потпретседателе, овој амандман го повлеков.

**Бесим Догани:** Не, вие го повлековте амандманот 116 ...

**Марјанчо Николов:** Да, го повлекувам и амандманот на член 119.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 124 алинеја 5, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 133, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот за бришење на член 133 не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Овој дел од законот се однесува на доделување на договорот за јавна набавка, а членот 133 се однесува во делот каде што договорниот орган, согласно членовите 33, 34 и 35 мора да ги прифати алтернативните понуди ако некој економски оператор докаже дека се задоволени условите од техничките спецификации и истиот не може да го одбие.

Во овој член е регулирано дека алтернативните понуди не смеат да се одбијат, ако таа е избрана за најповолна, само поради тоа што договорот за јавна набавка на стоки, според алтернативната понуда избрана за неповолна, ќе премине во договор за јавна набавка на услуги или договорот за јавна набавка на услуги, според алтернативната понуда избрана за најповолна ќе премине во договор за јавна набавка на стоки. Ова е уште повеќе внесување на хаос во законот.

Прво, ќе прифатите алтернативна понуда за нешто што не сте барале.

Второ, ако морате да ја прифатите, а набавувате стоки, ќе мора да ја прифатите дури ако ве убедат дека ви требаат и услуги, или ако набавувате услуги, ако ве убедат дека ви требаат стоки, ќе мора и таа да ја прифатите. Сега навистина не знам како некој ќе го толкува овој закон. Ако барате стоки, ако барате, да речеме компјутер, не може некој да ви понуди услуги за вршење на компјутерски работи и таа работа да ја прифатите, ви дал понуда да не може да ја одбиете. Тоа се две квалитативно различни работи, тоа е да мешате баби и жаби и да викате дека бабите можат да бидат жаби и обратно. Не знам како дуг пример да дадам сега. Вакви членови во законот навистина се нелогични и не можам поинаку да го протолкувам законот. Вакви членови, заменикот министер нека се обиде да ми објасни како го толкува овој член од законот. Навистина ме интересира. До него се и директорката за јавни набавки и нејзиниот советник, нека ми објаснат како го толкуваат овој член од законот. Јас го толкувам вака. Навистина би ги замолил да дадат објаснување што подразбираат под тоа, кога го пишувале овој член од законот. Дали некој може да ве убеди да не

прифатите понуда ако барате стоки, а тие ви нудат услуги, или ако барате услуги некој да ви понуди стоки и таа понуда да ја прифатите.

Уште еднаш апелирам, не знам по кој пат, заменикот министер да ни објасни што планирале кога го предложиле овој член од законот. Вакви нелогичности, вклучувајки ги и претходните членови 33, 34 и 35, нависитна од овој закон прават таква хаотична состојба во системот на јавни набавки што навистина економските оператори ќе треба прво добро да платат за правни услуги, некој да им ги протолкува, а договорните органи во секој момент, на секоја забелешка ќе мора да најдат оправдување да не ги изберат за понудувачи.

Ги молам колегите пратеници да не го поддржат амандманот. Овој член во законот не само што не е потребен, туку мора да се избрише за законот да биде појасен. Тоа се коси со било кој закон, со било која логика. Нека ни објаснат што планирале со овој член, инсистирам. Инсистирам некој да ни објасни што подразбира под овој член и да го објасни, бидјеки навистина не можеме преку ова да поминеме. Испаѓа дека ние во Собранието не знаеме за што гласаме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господин Николов.

За збор се јави господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Пред малку во ходникот еден колега пратеник од позицијата ме праша зошто толку е одолговлечена дебатата, зошто не се претстави со дебатирањето.

Не сум сигурен дали, ќе повторам, оние пратеници кои немале можност да бидат на одредени функции и немале одговорност да бранат закон. Имено процедурата е следната:

Најчесто стручните служби или правните служби во министерствата го подготвуваат законот и решенијата и оние објаснувања кои се вградени во законот. Министерот, заменик министерот, оние кои се должни да го бранат законот, во временски теснец, почитувајки го тоа дека навистина не се експерти во таа област, го поминале на Влада и имаат обврска овде да го поминат законот во онаа форма во која е поминат на Влада. Никакво објаснување, дебатирање, ниту аргументи од страна на опозицијата нема да ги поколебаат во однос на тоа.

Сега јас ве повикувам, не само за овој член на овој амандман, туку и во иднина за други амандмани, ставете се на наше место. Имено ако ние не добиваме одговор на прашањата или на аргументите кои ги ставаме на маса тука од оваа говорница, тогаш постојат две алтернативи, или заменик министерот поима нема како го формулирале тој член од законот, ниту има објаснување за аргументите кои се од другата страна извадени и затоа молчи. Ако извадите контра аргументи да дебатираме за нив, јас ве уверувам дека дебатата ќе биде далеку пократка. Вака се вртиме во место. Дајте да дебатираме. Решенијата се лоши. Вие велите дека се добри, ние велиме дека се лоши. Ние објаснуваме зошто се лоши, а вие не објаснувате зошто се добри. Ќе поминат законите, мнозинството го има тој инструмент во свои раце, но јас ве уверувам дека штетите ќе ги трпи Република Македонија. Не е тоа така лесно изговорена реченица. Дајте, ако имате аргументи, за некои членови за кои велиме дека се исклучително важни за функционирањето на овој закон, дате ни простор да дебатираме, дајте ни контра аргументи зошто е тоа така. Вие, од технички причини некој поднесен амандман го одбивате. Значи друга е намерата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Потпретседателе, морам да го искажам своето разочарување од немањето одговор на нашите прашања. Освен кога станува збор за амандман со кој се брише некој член, а кој е усогласен со директивата на Европската унија, ние од заменик министерот не слушнавме образложение зошто нашите амандмани не се прифаќаат. Претпоставувам дека заменик министерот добил задача да молчи и освен зборовите - амандманот не се прифаќа, ништо друго да не каже во текот на расправата по овој закон, заради тоа што треба да аминува членови кои дефакто овозможуваат криминални дејствија во јавните набавки. Истото се случи и за претходниот амандман за кој сметавме дека е многу важен, со кој се зголемува прагот, со кој се дозволува вршење на јавни набавки со непосредна спогодба, без оглас, истото се случува и сега. Не ни останува ништо друго да заклучиме освен тоа штокажа и господинот Герамитчиоски е, или заменик минситерот не знае зошто не смее да ги прифати овие амандмани, или пак не смее да каже и да признае дека овие амандмани дефакто го озаконуваат криминалот во јавните набавки. Наместо да клима со глава, заменик министерот и да кажува дека има образложение, ама не сака да го каже, јас го повикувам нека излезе, нека го сочува сопствениот интегритет и да каже и да образложи зошто овие амандмани на кои сериозно инсистираме, за кои имаме сериозни дилеми, за кои сметаме дека ќе предизвикаат можност за големи злоупотреби, инсистирам да излезете со образложение зошто не се прифатливи за Владата, освен ако единствената тенденција на Владата е да овозможи полесно да се дојде до корупција и криминал со јавните набавки. Меѓутоа одговорноста за тоа ќе ја носи и парламентерното мнозинство и заменик министерот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Грковска.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Бидејки веќе е 18,00 часот, крајот на работното време, тука ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)